ЗАПИСНИК

од 18. (осумнаесеттата) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана во 2 продолженија, на 28 септември 2026 година (понеделник) и 01 октомври 2026 година (четврток)

ПРВ ДЕЛ

Првиот дел од 18. седница се одржа на 28 септември 2026 година (понеделник) во општинската сала, со почеток во 14:25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Христо Саракинов, Претседател на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Совет потоа побара да се интонира химната на Република Северна Македонија.

Од 27 членови на Советот на Општина Карпош, на седницата беа присутни 27 членови на Советот на Општина Карпош.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветаноска, Предраг Станковски, Неделчо Крстевски, Давор Грче, Димитар Георгиевски, Елена Домика, Ана Цветановска, Филип Ивановски, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Вера Бужаровска, Радослав Трошановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Ивана Петковска, Катерина Илиева, Зоран Краљевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Циривири.

Пополнетиот евиденционен лист претставува доказ дека членовите на Советот присуствуваат на 18. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството членови на Советот со што Советот може да работи и полноважно да одлучува.

На седницата присуствуваше Градоначалникот Сотир Лукровски, претставници од општинската администрација раководители на сектори и

подносители на материјали, директорките/претставници од општинските основни училилшта на територија на Општина Карпош, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.
На седницата беше присутна граѓанката Невена Георгиевска, чии лични податоци беа евидентирани од страна на стручните служби.

Претседателот на Совет констатираше дека согласно позитивните законски прописи, материјалите од страна на Одделението за поддршка и организација на работата на Советот се испратени во законски утврдениот рок седум дена пред почетокот на закажаната седница.

Претседателот отвори претрес по

ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување записник од 17. седница**

1. **Предлог-Одлука за усвојување на Изменет Едногодишен краткорочен еколошки Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален еколошки акционен план) за 2026 година**
2. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетската ефикасност за 2026 година;**
3. **Предлог-Програма за изменување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година;**
4. **Предлог-Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2026 година;**
5. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година;**
6. **Предлог-Програма за изменување на Програмата за одбележување на 50-годишнината од формирањето на Општина Карпош;**
7. **Предлог-Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односите со јавноста и информации на граѓаните за 2026 година;**
8. **Предлог-Буџет за изменување и дополнување на Буџетот на Општина**

Карпош за 2026 година

9. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје
10. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
11. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
12. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
13. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
14. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
15. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
16. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
17. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
18. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
19. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
20. Предлог-Одлука за формирање Одбор за доделување на награди и други признанија по повод 50 – годишнината од формирањето на Општина Карпош
21. Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување на

меѓуопштинската соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за партерно уредување и озеленување на просторот помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска во Општина Карпош

22. **Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Стопанска банка АД Скопје за опремување на Младинскиот центар на Општина Карпош и административните простории во Општина Карпош**
23. **Предлог-Одлука за преземање итни мерки за идентификација, запишување и вклучување во основното образование на деца на задолжителна училишна возраст кои се надвор од образовниот систем на подрачјето на Општина Карпош, со приоритетно постапување во населбите Злокуќани и Момин Поток**
24. **Предлог-Одлука за воспоставување систем за теренско постапување при загадување на воздухот и палење отпад на територија на Општина Карпош**

Претседателот посочи дека точките 23 и 24 од предложениот дневен ред се предлог на членот на Советот Татјана Чакулев и побара од надлежните сектори да се произнесат по однос на предложените точки.

По земан збор членот на Советот Татјана Стојановска предложи поставување советнички прашања.

По земан збор Градоначалникот Сотир Лукровски, во однос на советничките прашања истакна дека, по консултација со службите, не секогаш постои пракса тие да се поставуваат на секоја седница. Побара советничките прашања да се доставуваат писмено, со цел да не се обременува текот на седницата.
По земан збор членот на Советот Добрила Андоновска, истакна дека советничките прашања што се поставуваат на седниците се однесуваат на правата и проблемите на граѓаните, кои тие ги доставуваат до советниците со цел навремено да бидат информирани и да добијат соодветен одговор. Исто така посочи за алармантното прашање поврзано со старачкиот дом на територијата на Општина Карпош.
Градоначалникот Сотир Лукровски, во репликата кон Андоновска, посочи дека никој не го оспорува правото на советниците да поставуваат прашања, но истакна дека во ниту една општина не е практика на секоја седница да има советнички прашања. Нагласи дека доколку проблемите се решаваат, нема потреба тие

По земан збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска, нагласи дека во минатиот мандат немало советнички прашања на секоја седница, туку бил организиран отворен ден за граѓаните, на кој тие ги искажувале своите проблеми.

По земан збор членот на Советот Татјана Стојановска, која посочи дека согласно Деловникот, советниците имаат можност на секоја седница да поставуваат советнички прашања. Таа нагласи дека советниците сакаат овие прашања да бидат јавни.

По земан збор членот на Советот Горан Михајлов, истакна дека Советот како институција треба да биде транспарентна и поради тоа смета дека советничките прашања треба да се поставуваат на седница на Советот.
По земан збор на помошник - раководителот на секорот за јавни дејности Анета Марковска, во однос на точката 23 од дневниот ред, укажа дека со предложената Одлука се надминуваат надлежностите и ингеренциите на Општината. Посочи дека одлуката се однесува на Министерството за социјална политика, демографија и млади, Центарот за социјална работа и Министерството за внатрешни работи (МВР), при што нагласи дека доколку одлуката биде донесена, тоа би било на штета на Општината.

По земан збор градоначалникот Сотир Лукровски, посочи дека имал координација со службите, при што било укажано на можноста за надминување на ингеренциите на Општината. Поради тоа, побара точките 23 и 24 да бидат повлечени од дневниот ред.

Претседателот на Советот определи пауза од пет минути.

По завршувањето на паузата, претседателот констатираше дека се исполнети условите за продолжување на седницата, по што истата продолжи со работа.

По земан збор, членот на Советот Татјана Чакулев побара да се цитира конкретниот член од Деловникот со кој е регулирано постапувањето кога одредена точка е предложена на дневен ред, односно кога се бара таа точка да биде издвоена и дополнително образложена.
По земан збор претседателот на Советот Христо Саракинов нагласи дека точките биле предложени од советник, по што следува образложение од страна на службите, во кое се појаснуваат потребата и значењето на точката.

Претседателот предложи дополнување на предоженият дневниот ред со една нова точка која ќе се додаде како точка 25 и тоа:

25.Предлог - Предлог - План на Програми за Изменување и дополнување на план на програми за развој на Општина Карпош за 2026 година

Претседателот го стави на гласање предлогот за дополнување на дневниот ред: **Предлог- План на Програми за Изменување и дополнување на план на програми за развој на Општина Карпош за 2026 година**

По спроведеното гласање беше констатирано дека со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен предлогот за додавање на Предлог - Планотна Програми за Изменување и дополнување на план на програми за развој на Општина Карпош за 2026 година како точка 25 од предложениот дневен ред.

За збор процедурално се јави членот на Советот Татјана Стојановска и предложи советничките прашања да бидат по исцрпување на дневниот ред.

Претседателот го стави на гласање предложениот и дополнет Дневен ред за 18. седница на Советот на Општина Карпош.

По извршеното гласање беше констатирано дека, со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен следниот

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување записник од 17. седница**

1. **Предлог-Одлука за усвојување на изменет Едногодишен краткорочен еколошки Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален еколошки акционен план) за 2026 година**
2. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и**

енергетската ефикасност за 2026 година;

3. Предлог-Програма за изменување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година;
4. Предлог-Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2026 година;
5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година;
6. Предлог-Програма за изменување на Програмата за одбележување на 50-годишнината од формирањето на Општина Карпош;
7. Предлог-Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односите со јавноста и информации на граѓаните за 2026 година;
8. Предлог-Буџет за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година
9. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје
10. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
11. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
12. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
13. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
14. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
15. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

16. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
17. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
18. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
19. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година
20. Предлог-Одлука за формирање Одбор за доделување на награди и други признанија по повод 50 – годишнината од формирањето на Општина Карпош
21. Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинската соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за партерно уредување и озеленување на просторот помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска во Општина Карпош
22. Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Стопанска банка АД Скопје за опремување на Младинскиот центар на Општина Карпош и административните простории во Општина Карпош
23. Предлог-Одлука за преземање итни мерки за идентификација, запишување и вклучување во основното образование на деца на задолжителна училишна возраст кои се надвор од образовниот систем на подрачјето на Општина Карпош , со приоритетно постапување во населбите Злокуќани и Момин Поток
24. Предлог-Одлука за воспоставување систем за теренско постапување при загадување на воздухот и палење отпад на територија на Општина Карпош
25. Предлог - План на Програми за Изменување и дополнување на план на програми за развој на Општина Карпош за 2026 година

Пред да помине на разгледување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот отвори расправа по записникот од 17. седница на Советот на Општина Карпош.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 17. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот констатираше присуство на 23 членови на Советот.

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен записникот од 17. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Вера Бужаровска во својство на претседател на Комисијата за прописи да го извести Советот за работата и ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Вера Бужаровска во својство на претседател на Комисијата за прописи и извести дека комисијата за прописи која се одржала на 24.09.2026 година, ги разгледала сите точки и му предлага на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Неделчо Крстевски во својство на претседавач на Комисијата за екологија и енергетска ефикасност на Советот на Општина Карпош да го извести Советот за ставот на комисијата по точката кои истата ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Неделчо Крстевки во својство на претседавач на Комисијата за екологија и енергетска ефикасност го извести Советот дека седницата на комисијата се одржала на 25.09.2026 година, даде појаснување за точката која била разгледувана и истакна дека комисијата му предлага на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансиски прашања на Советот на Општина Карпош да го извести Советот за ставот на комисијата по точката кои истата ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансиски прашања, го извести Советот дека седницата на комисијата се одржала на 26.09.2026 година, даде појаснување за точката која била разгледувана и истакна дека комисијата му предлага на Советот да расправа и одлучува по истата.

Советот премина на разгледување на точките од усвоениот дневен ред.

ТОЧКА 1. Предлог -Одлука за изменување на Едногодишниот краткорочен еколошки акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 за 2026 година

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави членот на Советот, Славко Митевски, кој нагласи дека од програмата се повлекуваат 400.000 денари наменети за инсталирање надзорни камери. Причината за укинување е тоа бидејќи предвидените активности се поклопуваат со планот на Град Скопје. Камерите требало да бидат инсталирани до крајот на календарската година.

Зема збор членот на Советот Татјана Чакулев која по добиен одговор од раководителот за екологија и енергетска ефикасност Петар Теов цитира:

Предвидените средства не се доволни да се изведе оваа активност односно при разговор со повеќе субјекти најдобар начин за ефикасно да се спроведе оваа активност е употреба на така наречен аусорсинг- модел се планира со пореални финансиски средства да се вклучи активноста во програмата за 2027 година, а активностите да опфатат мобилна видео мониторинг за спречување создавање диви депонии и неовластено одлагање на отпад како и класичен мониторинг за спречување на вандализам и поголема безбедност на крајните површини на Оптшина Карпош.

Чакулев се обрати кон секторот со прашање зошто не се спровела јавната набавка?
Збор зема членот на Советот Горан Михајлов, кој постави прашање во врска со дивата депонија која се создава долж патеката кај кејот. Тој побара да се следи состојбата со камери, со цел да се спречи евентуално настанување на штета.
Збор зема раководителот на Секторот за екологија и енергетска ефикасност, Петар Теов, кој истакна дека не се укинуваат камерите и дека информацијата за нивно укинување не е точна. Напротив, предвидено е зголемување на средствата за поставување и проширување на системот за видео-надзор, особено на локации каде што има појава на вандализам. Градот планира видео-надзор на 30 локации, а целта е мониторингот дополнително да се прошири во

2027 година, со воведување на подобри мерки.
Реплика упати Чакулев до Теов, прашувајќи зошто со измените не е предвидено зголемување на средствата за оваа намена?
Збор зема градоначалникот Сотир Лукровски, кој нагласи дека сите измени се разгледуваат на колегиум со раководителите на секторите.
За збор се јави членот на Советот Добрила Андоновска, која нагласи дека дискусиите не се насочени како критика кон работата на општинската администрација и дека е јасно кој ги креира политиките, поради што никој не ги обвинува вработените. Таа му се обрати и на претседателот на Советот, укажувајќи дека секогаш треба да се констатира присуството на советниците.
Со реплика се јави градоначалникот до Андоновска, при што одговорно тврдеше дека никогаш не сугерирал на вработените да прават измени, туку дека измените ги предлагаат и ги спроведуваат раководителите на секторите.
Реплика, Андоновска до Градоначалник јасно нагласи дека политиките ги води Градоначалникот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и на гласање ја стави **Предлог- -Одлука за изменување на Едногодишниот краткорочен еколошки акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 за 2026 година**

Претседателот констатираше присуство на 25 членови на Советот.

По спроведеното гласање беше констатирано дека со 16 гласови ЗА, 5 гласа ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоена Одлуката за изменување на Едногодишниот краткорочен еколошки акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 за 2026 година

ТОЧКА 2. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетската ефикасност за 2026 година;

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави членот на Советот Татјана Чакулев, која постави прашање во врска со замената на котелот во ООУ „Аврам Писевски“, односно кога е утврдено дека нема доволно време за реализација на проектот?

За збор се јави членот на Советот Татјана Стојановска, која истакна дека од програмите се исклучуваат суштински работи, особено во делот на жардинериите и озеленувањето, како и поставувањето нова урбана опрема. Таа праша зошто игралиште треба да се реализира во зимски период и зошто доцнат сите постапки за јавни набавки?

За збор се јави членот на Советот Добрила Андоновска, која праша зошто во програмата е предвидена активност доколку однапред не било обезбедено нејзино навремено реализирање. Таа посочи дека од програмата за ООУ „Аврам Писевски“ се повлекуваат 6.000.000 денари и праша за училиштето кое се грее на нафта како и за загадувањето на животната средина. Таа праша од која ставка ќе се обезбедат средства за набавка на нафта за греење и зошто навремено не е објавен тендер за промена на системот за греење? Според неа, постапката за јавна набавка требало да се распише најдоцна до февруари 2026 година, со цел учениците да добијат нов систем за греење.

За збор се јави членот на Советот Славко Митевски, кој истакна дека проектот за ООУ „Аврам Писевски“ е актуелен уште од 2019 година.

Во дискусијата учествуваше и Дарко Ристовски како и Лукровски, кој истакна дека постоела можност работите да се реализираат заеднички и навремено.

За збор се јави членот на Соевтот Татјана Чакулев посочи дека за конкретната ставка нема образложение и дека било наведено бидејќи измената е направена на барање на Секторот за финансии. Таа нагласи дека не станува збор за вработување дополнителни лица, туку за зголемување на предвидената сума.

За збор се јави членот на Советот Добрила Андоновска постави прашање зошто кај вработените под договор е предвидено помало зголемување, за разлика од административниот кадар, и зошто е направена таква разлика, без да биде дадено образложение?

Раководителот на екологија и енергетска ефикасност Петар Теов појасни дека во 2019, 2020 и 2021 година проектот бил предмет на аплицирање, додека во периодот од 2022 до 2026 година не бил вклучен во програмата за екологија и енергетска ефикасност. Тој истакна дека тие биле иницијатори во делот на воздухот и водата.

Тој објасни дека Секторот трипати аплицирал до Владата. Во 2019 година биле поднесени две апликации, при што Владата одлучила да ја поддржи втората апликација. Во 2020 година апликацијата не била прифатена, додека во 2021 година средствата биле одобрени, но поради пандемијата со COVID-19 Владата ги пренасочила средствата кон здравствениот сектор. Потоа немало соодветни повици.

Во дискусијата беше посочено дека е предвидено почетокот на декември, со цел да се реализира проектот, како и дека сите активности треба да се

реализираат.
Беше нагласена потребата од спроведување постапка за јавна набавка за нов систем за греење.
Во однос на игралиштето беше истакнато дека не може само да се санира, бидејќи постои околу 12 години и на него се одржуваат училишни лиги. Беше посочено дека игралиштето не е безбедно и дека е потребно поставување вештачка трева и други реквизити.
За збор се јави претставникот од Секторот за поддршка на градоначалникот, Александар Симоновски, кој нагласи дека се обезбедени средства за нафта и дека постапката за набавка на нова нафта е завршена, по што училиштето ќе има обезбедено греење.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и на гласање ја стави **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетската ефикасност за 2026 година;**

Претседателот констатираше присуство на 25 членови на Советот.

По спроведеното гласање беше констатирано дека со 17 гласови ЗА, 5 гласа ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетската ефикасност за 2026 година;

ТОЧКА 3. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година;

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Димитар Георгиевски во својство на претседател на Комисијата за комунални работи и сообраќај на Советот на Општина Карпош да го извести Советот за ставот на комисијата по точката кои истата ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Димитар Георгиевски во својство на претседател на Комисијата за комунални работи и сообраќај го извести Советот дека седницата на комисијата се одржала на 25.09.2026 година, даде појаснување за точката која била разгледувана и истакна дека комисијата му предлага на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Зема збор членот на Советот Татјана Чакулев, која побара да се коригира Програмата, бидејќи бројките во одделните ставки не биле усогласени. Во однос на измените, побара појаснување на што точно се однесуваат анексите за ООУ „Димо Хаџи Димов“ и на што се должи зголемувањето на средствата?
Зема збор членот на Советот Татјана Стојановска, која посочи дека во ставката 482910 се зголемуваат средствата за проекти за 1.500.000 денари, додека средствата за изведба се намалуваат за 500.000 денари, и побара објаснување за ваквата измена. Таа, исто така, побара појаснување во однос на средствата наменети за лица со посебни потреби, каде што од првично предвидените 1.500.000 денари се предлагаат 9.000.000 денари. Воедно, постави прашање и во однос на игралиштето во ООУ „Димо Хаџи Димов“, за кое се издвојуваат средства од Општината, иако станува збор за дел од проектите одобрени од Владата.
Збор зема раководителот на Секторот за Програмата за уредување на градежното земјиште Зорица Китанова, која образложи дека до 20% од вредноста на договорот може да биде опфатено со анекс, што е предвидено и во самиот договор. Таа посочи дека сите обврски што ќе произлезат од анексите ќе бидат обврска на Општината, согласно договорот, и нагласи дека ваквите измени се вообичаени и неизбежни во градежништвото. Во однос на проектите, Китанова појасни дека поради кратките рокови било потребно навремено да се подготват и достават проекти за аплицирање, при што Општината аплицирала и добила средства за две спортски сали и две градинки. Во текот на реализацијата на проектот за спортската сала биле направени одредени измени, кои раководителката дополнително ги образложи, како и останатите измени во Програмата.
Во однос на средствата за лица со попреченост, Китанова појасни дека, кога станува збор за спуштање на рампи, тоа претставува обврска на самите сопственици на станбените единици. Нагласи дека во едно од училиштата ќе се постави лифт.
Збор зема членот на Советот Добрила Андоновска, која се заблагодари за даденото образложение во однос на Програмата за комунални дејности. Таа нагласи дека идејата за поставување лифт била нејзина и дека истата ја доставила до Општината во писмена форма.
Во однос на спуштањето на рампите, Андоновска посочи дека дел од нив се наоѓаат на државно земјиште и дека Општината треба да преземе активности за решавање на овие проблеми на граѓаните, како и да се изврши мапирање на местата каде што е потребно да се обезбеди пристапност.

Претседателот констатираше присуство на 23 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, 3 гласа ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година;

ТОЧКА 4. Предлог-Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2026 година;

Претседателот на Советот го повика членот на Елена Домика во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности на Советот на Општина Карпош да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои истата ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Елена Домика во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности, го извести Советот дека седницата на комисијата се одржала на 24.09.2026 година, даде појаснување за точките кои биле разгледувани и истакна дека комисијата му предлага на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Зема збор членот на Советот Добрила Андоновска, која алармираше дека Комисијата за еднократна парична помош од мај месец нема одржано седница. Таа нагласи дека најголем дел од барањата се однесуваат на лица со малигни заболувања и дека средствата треба да им се одобрат на оние на кои им се најпотребни.
Збор зема членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска, која појасни дека Комисијата за еднократна парична помош одржала неколку седници до овој момент. Таа информираше дека биле пристигнати околу 400 барања, при што средствата предвидени за оваа намена биле целосно искористени. Поради тоа, нагласи дека се подготвува ребаланс на буџетот со цел да се зголемат средствата и да може Комисијата повторно да одржи седница.
За збор повторно се јави членот на Советот Добрила Андоновска, која нагласи дека се повлекува од функцијата претседател на Комисијата за екологија и енергетска ефикасност, како и од функцијата член на Комисијата за

еднократна парична помош.
Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска, која постави прашање зошто средствата за еднократна парична помош толку брзо биле потрошени?
Од Секторот за областа на детска, социјална и здравствена заштита, Тања Пантелиќ Гишев, појасни дека бројот на барањата е зголемен. Таа информираше дека биле одржани две седници на Комисијата, на кои биле разгледани 399 барања, по што средствата биле целосно искористени. Дополнително, укажа дека во моментот има нови околу 100 барања.

Претседателот констатираше присуство на 25 членови на Советот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог-точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2026 година;

Претседателот назначи пауза од 30 минути.

По паузата и констатиран кворум се продолжи со работа.

ТОЧКА 5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година;

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Добрила Андоновска, која истакна дека Програмата за образование за 2026 година е намалена за 40%. Таа праша зошто набавката на униформи не била навреме подготвена и реализирана и побара одговорност за пропуштената можност. Дополнително праша за споредбата со износот од 16.200.000 денари и за што се наменети средствата во износ од 1.500.000 денари.
Збор зема членот на Советот Славко Митевски, кој праша зошто не е реализирана ставката за униформи и кај кого е одговорноста за нејзиното неостварување? Тој нагласи дека униформите се значајна ставка во областа на образованието.

Збор зема градоначалникот Сотир Лукровски, кој истакна дека одговорноста за нереализирањето на набавката е негова, поради тогашната здравствена ситуација.
Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска, која побара анализа за причините поради кои се зголемува износот за обезбедување ужинка за децата на бранители?
Збор зема помошник - раководителот на одделението за образование Анета Марковска, која објасни дека во моментот корисници на оваа активност се 15 ученици од трето до деветто одделение. Таа посочи дека учениците се пријавиле во текот на овој месец, поради што е зголемен бројот на корисници. Минатата година користеле ужинка, додека оваа година користат и топол оброк, што е дополнителна причина за зголемување на потребните средства.
За зема членот на Советот Горан Михајлов, кој истакна дека обезбедувањето униформи е неопходно во актуелната социолошка и психолошка состојба на општеството, особено поради постоењето на социјални и економски нееднаквости. Тој посочи дека средствата треба да се насочат кон учениците и да се земат предвид нивните социјални потреби.
Претседателот констатираше присуство на 25 членови на Советот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог-точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, 3 гласа ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година;

ТОЧКА 6. Предлог-Програма за изменување на Програмата за одбележување на 50-годишнината од формирањето на Општина Карпош;

Претседателот отвори расправа по предложената точка.
Збор зема членот на Советот Добрила Андоновска, која нагласи дека станува збор за значаен јубилеј и дека треба достоинствено да се одбележи. Сепак, истакна дека нивна обврска како советници е да внимаваат колку ќе чини одбележувањето, за што точно ќе бидат наменети средствата и дали предложените износи се оправдани пред граѓаните? Посочи дека вкупната рамка се зголемува за 1.450.000 денари, односно за 72,5 проценти, по што дополнително ги образложи зголемувањата по ставки.
Збор зема членот на Советот Славко Митевски, кој праша зошто сумата се

зголемува во толкав износ? Во услови на актуелната состојба во државата, тој истакна дека нема да ја поддржат оваа точка и упати апел до сите да бидат поскромни во одбележувањето и прославите.
Збор зема членот на Советот Горан Михајлов, кој посочи дека годишнината може да се одбележи на поедноставен начин.
Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска истакна дека се трошат средства на граѓаните и дека токму затоа постојат коментари и забелешки во однос на предложените расходи.

Збор зема градоначалникот Сотир Лукровски, кој во однос на зголемувањето на средствата истакна дека станува збор за 50-годишен јубилеј на Општината. Тој посочи дека ќе бидат доделени и признанија и дека смета дека треба да се даде поголем акцент на одбележувањето на јубилејот.
Во однос на свечената академија и концертот, градоначалникот нагласи дека бараните средства нема да бидат целосно потрошени и дека тоа е сигурно. Свечената академија ќе се одржи во соодветен објект, а предвидени се и средства за сместување на гостите од збратимените градови. Настаните започнуваат од петок.
Во однос на концертот, градоначалникот појасни дека доколку се обезбеди спонзор, тој ќе биде одржан. Нагласи дека 50-годишнината е значаен настан за Општината и дека ќе бидат доделени признанија, при што ќе се формира одбор кој ќе има задача да избере пет заслужни граѓани, со учество на претставници од сите политички партии.
Како дел од програмата, предвидено е и отворање на Младинскиот центар, организирање спортски натпревари, крводарителска акција и други активности со кои јубилејот ќе биде одбележан достоинствено.
Збор зема членот на Советот Добрила Андоновска, која информираше дека нејзината советничка група нема да учествува во активностите за одбележување на 50-годишнината на Општината, како што, според неа, не учествувала ниту во „Карпошово лето“. Посочи дека нема да присуствуваат ниту на свечената академија.
Како причина за тоа ја наведе здравствената состојба на поранешниот градоначалник и претседател на нивната партија, која, како што истакна, сè уште е животно загрозувачка. Андоновска рече дека за неа би било непримерно да присуствува на вакви настани во такви околности.
Таа дополнително посочи дека нивната советничка група нема да гласа за ниту една точка предложена од градоначалникот, туку ќе ги поддржува само точките и иницијативите предложени од граѓаните и од советниците од опозицијата.

Претседателот констатираше присуство на 24 членови на Советот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог-точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, 5 гласа ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не е усвоена Програмата за изменување на Програмата за одбележување на 50-годишнината од формирањето на Општина Карпош;

ТОЧКА 7. Предлог-Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односите со јавноста и информации на граѓаните за 2026 година;

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот, Добрила Андоновска, која упати пофалба до секторот за професионалното извршување на своите обврски, со цел навремено информирање на граѓаните.
Претседателот на Советот побара пауза во траење од 5 минути.
По паузата, по констатиран кворум седницата продолжи со работа.
Претседателот на Советот ја прекина седницата и информираше дека дополнително ќе ги извести членовите за продолжението на седницата.
Збор зема членот на Советот, Славко Митевски, кој истакна дека, доколку претседателот не е во можност да ја доврши седницата, потребно е да се назначи друг претседавач на Советот.

Продолжување на 18. (осумнаесеттата) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01.10 2026 година (четврток), во општинската сала со почеток во 13.30 часот.

ВТОР ДЕЛ

Седницата ја отвори и со неа раководеше Христо Саракинов, Претседател на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Совет потоа побара да се интонира химната на Република Северна Македонија.

Од 27 членови на Советот на Општина Карпош, на седницата беа присутни 27 членови на Советот на Општина Карпош.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветаноска, Предраг Станковски, Неделчо Крстевски, Давор Грче, Димитар Георгиевски, Елена Домика, Ана Цветановска, Филип Ивановски, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Вера Бужаровска, Радослав Трошановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Ивана Петковска, Катерина Илиева, Зоран Краљевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Циривири.

Пополнетиот евиденционен лист претставува доказ дека членовите на Советот присуствуваат на продолжување на 18. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството членови на Советот со што Советот може да работи и полноважно да одлучува.

На седницата присуствуваше Градоначалникот Сотир Лукровски, претставници од општинската администрација раководители на сектори и подносители на материјали директорките/претставници од општинските основни училилшта на територија на Општина Карпош, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.
За збор се јави членот на Советот Славко Митевски кој побара седниците да не закажуваат толку доцна бидејќи има луѓе кои одат приватен сектор, со цел да се утврдат поповолни термини за одржување на седниците, земајќи ги предвид и обврските на советниците кои се вработени во приватниот сектор.

Како и дали може и деловнички да се озакони во 09.00 ч или после 17 часот.

Претседателот Саракинов му образложи дека ќе се координираат во врска со времето на закажување на седници.

Митевски продолжи со говорот на неговото барање како се прекинува

седницата според член 63 од деловникот цитира:

На седницата на Советот претседава претседателот на Советот.

Во случај на негова спреченост или отсутност, го заменува најстариот член на Советот.

Ако најстариот член на Советот е спречен или отсутен, на седницата претседава членот на Советот, кој по предлог на еден или група членови на Советот, ќе го избере Советот со мнозинство на гласови од присутните членови на Советот.

Смета дека тоа не е причина да се прекине седницата.

Митревски, во однос на точка 7, истакна дека при донесувањето на Програмата биле против оваа точка, бидејќи сметале дека нема потреба да се издвојуваат средства за јавен настап, поради што ќе се воздржат од гласањето.

Претседателот констатираше присуство на 26 членови на Советот.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека усвоена Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односите со јавноста и информации на граѓаните за 2026 година;

ТОЧКА 8. Предлог-Буџет за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема раководителот на сектор за финансиски прашања Мирјана Ѓорѓиевска со цел да ги образложи измените и дополнувањата на Буџетот за 2026 год.

За збор се јави членот на Советот Татјана Чакулев која постави прашања со измените во буџетот

-Зошто се зголемуваат ставките за привремени вработувања Било дадено објаснување дека оригинално сумата била определена во одреден износ, меѓутоа, со направените измени се создава впечаток дека средствата се прераспределуваат на начин кој не ја одразува првичната намена.Смета дека не е коректно да се предлага измена на буџетот без јасно и прецизно образложение, особено имајќи предвид дека уште во декември било укажано дека ова продолжение не било предвидено.Во однос на средствата за привремени вработувања, беше наведено дека првично биле предвидени 1.500.000 денари, потоа сумата била намалена на 600.000 денари, а сега дополнително се определуваат 300.000 денари. Потребно е јасно да се објасни на која основа се прават овие промени и дали станува збор за целосно или делумно користење на првично предвидените средства.Дополнително, поставува прашање каде се преостанатите 900.000 денари од првично предвидените 1.500.000 денари и на која буџетска ставка се евидентирани. Доколку тие средства биле прераспределени за изработка на физибилити студија или за друга намена, тоа треба јасно да биде наведено во образложението.

Доколку при изработката на буџетот настанала грешка и одредени средства не биле ставени како посебна подставка во делот за физибилити студијата, тогаш сметам дека грешката треба да се коригира на соодветен и транспарентен начин, а не средствата едноставно да се бришат или пренаменуваат без соодветно образложение.

Во однос на средствата во комунално, доколку биле предвидени 6.000 денари за конкретна намена, потребно е да се објасни зошто тие средства се отстрануваат и за која намена сега се прераспределуваат.

Смета дека секоја измена на буџетот мора да биде јасно образложена и усогласена со законските прописи и со Буџетскиот циркулар за единиците на локалната самоуправа за 2026 година, донесен од Министерството за финансии. Во образложението треба прецизно да се наведат причините за секоја измена, како и соодветните инпут и аутпут индикатори, согласно пропишаните правила.

На нејзините претходно поставени прашања не бил даден конкретен одговор, ниту беа коригирани деловите за кои беше укажано дека има потреба од корекција. Доколку во текот на седницата се дадени дополнителни објаснувања, тие треба да бидат внесени и во материјалите што ни се

доставуваат, за советниците јасно да знаат зошто одредени средства се намалуваат, зголемуваат или пренаменуваат.

Во таа насока, ги поставувам следните конкретни прашања:

1. **Детски градинки – договорни услуги:**
   Кај ставката В1, средствата се менуваат од 0 на 1.500.000 денари. Потребно е да се образложи за која конкретна намена се предвидени овие средства и зошто не биле предвидени во првичниот буџет.
2. **Трансфери:**
   Барам објаснување зошто средствата првично биле наменети за одредена активност, зошто сега се намалуваат или отстрануваат и каде се прераспределуваат.
3. **Културни манифестации – конто 423990:**
   Средствата за „други материјали“ се пренаменуваат во „други договорни услуги“. Потребно е да се објасни зошто се врши оваа пренамена и за кои конкретни активности или услуги ќе се користат средствата.
4. **Основно образование – други материјали:**
   Ставката се намалува за 4,5 милиони денари. Барам конкретно образложение за причините за ова намалување и за тоа каде се пренаменети средствата.
5. **Капитални расходи – основно образование:**
   Кај реконструкцијата на други објекти средствата се зголемуваат од 4 на 6,3 милиони денари. Барам да се објасни за кои конкретни објекти станува збор, што ќе се реконструира и врз основа на која проценка е утврден дополнителниот износ.

Во однос на дискусијата на членот на Советот Добрила Андоновска, смета дека мора да има јасна разлика помеѓу општото образложение дека „има предвиден буџет“ и конкретното образложение за секоја буџетска ставка. Буџетот не е само збир на износи, туку документ во кој мора да биде јасно наведено за што се планирани средствата и зошто се вршат измените.

Деловнички можеби е дозволено Градоначалникот да не биде присутен на седницата, но смета дека при разгледување и носење на буџетски измени неговото присуство е значајно, особено кога се поставуваат конкретни прашања во врска со предложените промени.Не сака ова да се сфати како критика кон стручните служби. Напротив, имам доверба во нивната стручност и во работата на службите. Меѓутоа, во конкретниот материјал има неколку

ставки за кои јасно беше побарано дополнително образложение и корекција, а тоа не беше направено.Исто така, смета дека мора да се води сметка за континуитетот во реализацијата на програмите. Кога веќе постојат започнати активности, програми и обврски, нивното прекинување или пренаменување на средствата може да влијае врз континуитетот и квалитетот на работата.Затоа бара сите овие измени да бидат дополнително образложени и материјалите да бидат коригирани согласно законските прописи и Буџетскиот циркулар. Од среднорочниот буџет па натаму, потребно е сите ставки, образложенија и индикатори да бидат прикажани јасно и транспарентно.На крајот, сака да укаже и на средствата што биле предвидени за одбележувањето на 50-годишнината од одредена активност/институција. Бара да се објаснат зошто тие средства не се реализирани на начин како што првично биле предвидени и дали и каде се пренаменети.Очекува на сите поставени прашања да се дадат конкретни одговори и, доколку е утврдено дека има грешка во материјалите, истата да биде коригирана пред усвојувањето на измените на буџетот. Повторно треба да се одвојат финансиски средства. Таа не тврди дека е во право, ниту дека тоа е незаконски, но никој од луѓето со кои разговарала, да имаат знаење од оваа област, не ми кажа дека за вакво мало ажурирање требало повторно да се одвојуваат средства.Сега, бара, ќе знаеме каде завршуваат средствата и ќе можеме да ги видиме во картичката. Тоа е мојата прва констатација. Има два дена, а за ваков стручен човек и стручен тим, сметам дека тоа не требаше да биде најголем проблем да се направи.Не би се задржувала многу на бројките. Тие можеме повторно да ги разгледаме и да ги образложиме, а доколку има прашања, секако ќе ги разгледаме.Она што сакам официјално да го кажа е дека ја почитува одлуката, ја почитува градоначалникот колешка и сè останато. Таа би се задржала само на приходната страна, затоа што сите знаат дека во животот многу се водат според тоа колкави ни се приходите дома и колкави расходи има. Ако имате доволно приходи, можете да ги подмирите расходите и да продолжите понатаму.Тоа е логиката што важи насекаде во светот. Ако немате приходи, не можете да правите ништо. Кај нас во општината проблемот е токму во приходите.Смета дека тоа е суштината на овој ребаланс и на она што нив ги загрижува.Спомнато е пред малку дека јас како би постапила во однос на префрлањето на средствата, на 22 милиони и така натаму. Но, ако самите кажуваат дека, доколку имаме 75% реализација, имаме 34% квартална реализација – никој не ни гарантира дека до крајот на годината нема да се случи нешто, некоја природна непогода или некоја друга виша сила, поради која нема да можеме да го реализираме планираното.Што значи тоа? Сите тие промени во текот на годината, сите пресметки и ребаланси, паѓаат во вода ако

реализацијата не се оствари.Не можеме сега да кажеме дека ќе обезбедиме средства, ќе ги искалкулираме и дека со тоа проблемот е решен. Не сум економист, но мојата логика ми кажува дека тоа не е така. Можеби финансиски изгледа логично, но практично, во реалниот живот, не е секогаш така.

Затоа сака да се задржи, како што реков, на приходната страна на ребалансот. Токму таму ја гледам една од неговите главни слабости. Мислам дека сите ја гледаме, особено оние што раководат со општината.

Консолидираниот буџет има одредени бројки кои мора да се споменат, односно главните бројки.

Консолидираниот буџет се намалува од 2.216.812 на 2.213.420 денари, односно за 3.387.000 денари. Во колоната на буџетот на општината, намалувањето е од 1.377.715 на 1.368.709 денари, односно за 9 милиони денари.

Приходите на општината се остваруваат од сопствени извори, како локални даноци, такси и други давачки, но и од трансфери и дотации од државата.

Во буџетот, нешто што е специфично, најголемите приходни ставки доаѓаат од други нивоа на власт и од блок-дотациите. Блок-дотациите се наменети за конкретни надлежности, како образованието и детските градинки, но тие не можат целосно да ги надоместат намалените сопствени приходи на општината.

Колку и да добијат блок-дотации, знаат дека тие не се доволни за покривање на сите потреби. Општината е таа што на крајот мора да ги надополни потребите на училиштата и на граѓаните.

Затоа, за неа е особено важно општината да ги зголеми и навремено да ги наплатува сопствените приходи. Тоа е најважното прашање.

Ако сакаат стабилен буџет, мора да има реални приходи и ефикасна наплата на тие приходи. Без тоа, сите планирани расходи и проекти остануваат под ризик.

Приходите од надоместокот за уредување на градежно земјиште се намалуваат од 233.810.000 на 216.000.000 денари, односно за 17.810.000 денари. Како

причина се наведува помалата реализација на овој приход.

Истовремено, трансферите од други нивоа на власт се намалуваат за 8.779.000 денари, поради помал износ на склучени договори за јавни набавки.

Со интерес како е дојдено до ова намалување. Никој досега не објаснил зошто е намален износот предвиден за јавни набавки и врз основа на што е направена оваа корекција.

Со прашање дали тоа се однесува на улиците што ги споменале, односно на трите улици во Бардовци? Ако за нив првично е определена одредена сума според стандарди за квалитет и обем на работите, што значи кога сега се намалува таа сума?

Затоа прашува: кој гарантира дека со намалувањето на средствата нема да се намали и квалитетот на изведбата? Кои се критериумите според кои е утврдено дека со помалку средства ќе може да се реализира истиот обем и квалитет на работите?

Не била стручна во оваа област, но кога станува збор за јавни средства, смета дека граѓаните имаат право да знаат како се трошат нивните пари.

Има примери каде што по реконструкции и интервенции на улици подоцна се појавуваат проблеми, а тоа дополнително создава трошоци и, во некои случаи, сообраќајни ризици. Затоа, ако намалувањето на средствата може да влијае врз квалитетот, смета дека тоа треба јасно да се објасни.

Во однос на блок-дотацијата, точно е дека таа се зголемува за 720.000 денари, а приходот од ддв за 227.000.000 денари. Но, тоа не ја менува сликата дека главната ставка кај трансферите е намалена и дека не се наведени нови значајни извори на трансфери.

Дополнително, она што е особено важно за Општина Карпош е процесот на репроценка на даночната основа, односно на вредноста на имотите. Разбира дека репроценката може да биде оправдана, затоа што вредноста на имотите денес е различна од онаа во претходниот период. Но, ваков процес треба да се спроведе во разумен рок.Особено е важно да знаеме како тој процес ќе влијае врз приходите на Општина Карпош. Граѓаните на Карпош редовно ги плаќаат своите даночни обврски и реализацијата на оваа ставка традиционално е висока. Но, во овој момент не знаат колкав ќе биде ефектот од репроценката и

колку средства би можеле да недостигаат во буџетот.

Во исто време, приходите од данокот на плати се зголемуваат за околу 17.800.000 денари. Тоа е позитивна корекција, но не претставува нов извор на приходи за Општина Карпош. Затоа е важно да има целосна слика за тоа како сите овие промени ќе се одразат врз буџетот и врз реализацијата на планираните проекти.

Во услови кога Општина Карпош има намалување на дел од приходите, особено приходите од уредување на градежното земјиште, како и намалување на трансферите од централната власт, сметам дека е неопходно да се даде јасен одговор на прашањето: како Општината планира во иднина да ги зголеми сопствените приходи и постепено да ја намалува зависноста од трансфери од централната власт?

Фактот дека Општината во изминатиот период добила значителен трансфер од централната власт не треба да се третира како приход на кој може да се смета и во иднина. Државата има и други приоритети и обврски, поради што локалната самоуправа мора да гради финансиска одржливост и да се потпира во поголема мера на сопствените приходи.

1. Зголемување на приходите од уредување на градежното земјиште

Една од конкретните мерки треба да биде деблокирање и забрзување на постапките за издавање одобренија за градење таму каде што постојат важечки детални урбанистички планови и се исполнети сите законски услови.

Доколку во Општината постојат поднесени барања кои ги исполнуваат законските услови, тие не треба непотребно да се одложуваат. Напротив, треба итно да се постапува по нив.

Прашањето е едноставно: од каде ќе обезбедува Општината средства за да ги сервисира сè поголемите потреби на граѓаните доколку ги намалува приходите од уредување на градежното земјиште?Не треба да се чека носење нови урбанистички планови таму каде што веќе постојат важечки ДУП-ови и каде што законските услови се исполнети.

Истовремено, потребно е да се подготвуваат и носат нови урбанистички планови таму каде што тоа е оправдано, каде што земјиштето е соодветно селектирано, каде што се направени потребните анализи и каде што постои

реален потенцијал за нови инвестиции и приходи за Општината.

Самото донесување на ДУП не носи автоматски приход. Мора да постои реализација – односно изградба, инвестиции и користење на градежното земјиште. Затоа, урбанистичкото планирање треба да биде поврзано со реална економска активност и со план за зголемување на сопствените приходи.

Ако нема доволно средства од уредување на градежното земјиште, а истовремено постојано пристигнуваат нови барања и се зголемуваат обврските на Општината, прашањето е кој ќе ги сервисира тие потреби и како ќе се обезбедат средства за нормално функционирање и за јавните услуги кон граѓаните?

2. Анализа и рационализација на расходите

Иако зголемувањето на приходите е од особена важност, сметам дека паралелно мора сериозно да се анализираат и расходите.

На пример, за привремени вработувања се предвидуваат околу 22 милиони денари. Прашањето е: која е реалната потреба од овие средства и кој гарантира дека ќе има целосна реализација на оваа ставка?

Одобрениот износ од Министерството за финансии не значи дека средствата задолжително ќе бидат реализирани во целост. Затоа е потребно да се даде прецизна проекција на потребите и очекуваната реализација.

Потребно е да се направи и детална анализа на:

- договорните услуги, репрезентацијата,службените телефони и трошоците за нивно користење,трошоците поврзани со прослави и манифестации,останатите непродуктивни или недоволно оправдани расходи.

Особено треба да се објасни високата ставка за службени телефони. Не може секој втор вработен да има службен телефон без јасно образложение за потребата и оправданоста на трошокот. Потребно е да се објави колку службени телефони се користат, од кого, за какви работни потреби и колкави се трошоците?

Исто така, нема ништо против организирање прослави и настани кога тие се

оправдани и во интерес на граѓаните, но тие треба да бидат организирани во разумни и одговорни финансиски рамки.Истото се однесува и на трошоците за сместување на гости. Потребно е да се објасни зошто за одредени прилики се избираат поскапи хотелски капацитети, наместо соодветни и поекономични решенија.

Не предлага механичко кратење на секоја буџетска ставка.

Потребно е да се зачуваат расходите кои се неопходни за функционирање на Општината, за јавните услуги и за исполнување на законските обврски кон граѓаните.

Но, истовремено, мора да се преиспитаат трошоците кај кои може да се постигне заштеда без негативни последици врз квалитетот на јавните услуги.

4. Прашања кои треба да бидат одговорени пред гласањето на ребалансот

Од предлагачот на ребалансот, односно од градоначалникот, очекува јасно да се објасни:

1. Како ќе се обезбедат приходите потребни за реализација на планираните расходи?
2. Кога ќе бидат подготвени и доставени даночните решенија за имот?
3. Кои конкретни мерки ќе се преземат за зголемување на сопствените приходи на Општина Карпош?
4. Како ќе се надомести намалувањето на приходите од уредување на градежното земјиште?
5. Кои расходи можат да се преиспитаат и рационализираат за да се постигне заштеда?
6. Колкава реализација се очекува кај средствата за привремени вработувања и врз основа на што е утврден износот од околу 22 милиони денари?
7. Кои активности се одложуваат или намалуваат со овој ребаланс и какви ќе бидат последиците од тоа?
8. Како ребалансот е усогласен со претходно донесените одлуки на Советот, вклучително и ограничувањето од 2 милиони денари за програмата за 50-годишнината?

Заклучок овој ребаланс остава впечаток на прераспределување на средствата

„од шупливо во празно“, без доволно јасен план за создавање нови сопствени приходи.Се менуваат и прераспределуваат средства меѓу буџетските ставки, но во исто време не се гледа доволно јасен и конкретен план како Општината ќе ја зајакне приходната страна на буџетот.

Особено загрижува тоа што се намалуваат приходите од уредување на градежното земјиште, а паралелно се предвидуваат значителни средства за привремени вработувања и за одредени тековни расходи.

Затоа, пред Советот да донесе одлука, потребно е да добијат јасни податоци за приходите, динамиката на наплата на даноците, планот за зголемување на сопствените приходи и можностите за заштеда кај непродуктивните расходи.

Нашата одговорност не е само да го усвоиме ребалансот, туку да обезбедиме финансиски одржлива Општина Карпош, која ќе може навремено и квалитетно да ги сервисира потребите на сите граѓани, без постојано да очекува дополнителни средства од централната власт.

Градоначалникот Сотир Лукровски започна со забелешката во однос на намалувањето на средствата за улиците, односно дека со тоа се доведуваат во прашање безбедноста и квалитетот на изведбата. Се испоставува дека секогаш кога има зголемување на средствата, се подобруваат квалитетот и безбедноста.Со тоа не би се согласил. Проектите, такви какви што се, не би ги коментирал и не би навлегувал во нивната содржина, но смета дека треба да претрпат одредени корекции. Не треба да се бара алиби за тоа.

На почетокот му било многу чудно што ниту еден од договорите што биле потпишани за градежни зафати, било да станува збор за нискоградба или високоградба, не можел да заврши онака како што било првично предвидено. Првото нешто што се испоставило како потреба бил анекс-договорот за градинката „Мајски Цвет“.

Понатаму, по консултации со градежници, луѓе кои работеле во јавната администрација и раководеле со вакви процеси, се испоставило дека речиси и да нема градежен проект кој завршува целосно во рамките на првично предвиденото, без да претрпи одреден анекс, односно без да се појават вишоци или кусоци на работи. Материјата е непредвидлива, но тоа не значело дека ако одредени средства биле планирани, а при реализацијата се утврди дека одредена работа не е неопходна, тие средства едноставно треба да се

потрошат.На пример, при увид на одреден проект може да се констатира дека асфалтот е во добра состојба и да се одлучи да не се интервенира во тој дел. Од друга страна, при работи на улици, патеки од бекатон и други површини, може да се утврди дека на одредено место има потреба од дополнителна инфраструктура, како што е канализација, која првично не била предвидена. Постапката има надзор кој потврдува што е направено, а и нашиот сектор постојано е на терен и врши увид во состојбата.

Во контекст на данокот, смета дека станува збор за пилот-програма на УНДП. Па поради тоа се доцни со данокот, а и самите граѓани сакаат навреме да ги исполнуваат своите обврски. Пред околу еден месец завршила постапката за избор на фирма која ќе ја врши проценката од страна на УНДП, така што се очекува процесот да продолжи. Општина Центар е нешто пред нас во овој процес.

Во врска со урбанизмот, во однос на забелешката дека треба да се деблокираат процесите, не знае дека има блокирани постапки таму каде што има важечки ДУП-ови.

Имал една средба во саботата со група граѓани, при што настанала една мала непријатна ситуација, тое група од околу 30 луѓе. Ги повикал во саботата и заедно со раководителот на урбанизам ги примиле. Разговарале и се договориле во однос на прашањето за ДУП-от кај Алумина. Начелно се разбрале и им ветил дека ќе се разговара со Министерството за транспорт, од каде што треба да ги детектираат проблемите.

Во однос на блокот пред Општината, во моментов тој не е во надлежност на Општината, но сака што поскоро да се реши. Што се однесува до деблокирањето на процесите, смета дека нема никаква блокада.

Во однос на трошоците за телефони, смета дека ќе ги достави и трошоците, односно ќе се направи анализа колкав е месечниот трошок за гориво. Ќе се направи и анализа за користењето аутсорсинг за чистење, односно дали е поисплатливо Општината да има сопствено решение или одредени услуги да се обезбедуваат преку аутсорсинг.За телефоните е донесен правилник, според кој, доколку одредени колеги го надминат утврдениот лимит, им се запира, односно им се одбива надминатиот износ.

Во однос на „Александар Палас“, беше појаснето дека на минатата седница

само било споменато дека се воделе преговори. Еден од хотелите со кои се преговарало е и „Александар Палас“, при што имало повеќе понуди.Градоначалникот лично сака 50-годишнината да се прослави во „Александар Палас“ и ќе му биде драго сите да бидат присутни.

За збор се јави членот на Советот, Татјана Стојановска, која постави прашање до Секторот за финансии во врска со средствата во износ од 1.450.000 денари, за кои, како што наведе, не биле изгласани. Таа побара информација каде и на која позиција се предвидени овие средства во ребалансот на буџетот.

Воедно, се осврна и на средствата предвидени во програмата за бунари, во износ од 1.500.000 денари, посочувајќи дека сега се наведува дека дел од средствата се вратени, односно дека 600.000 денари остануваат, додека 900.000 денари се пренаменети. Според неа, за ваквата промена не била донесена соодветна одлука. Таа истакна дека 900.000 денари требало директно да се искористат за геотермални истражувања, додека 600.000 денари да останат на сметката на ЈП „Комунално“, за други активности поврзани со истата проблематика.

Советничката повторно побара информација и за дополнителните средства што Општината треба да ги обезбеди за спортската сала „Димо Хаџи Димов“. Во одговорот било појаснето дека во моментот станува збор само за средства за проектирање, додека анекс-договорите сè уште не се склучени, а за нивно обезбедување потребно е да се изгласа ребаланс на буџетот.

Татјана Стојановска истакна дека, како советник, гласа за проекцијата на приходите и расходите и побара транспарентност во однос на финансиските средства.Таа посочи дека речиси една година бара информации за овие прашања, но досега не добила конкретен одговор. Како последен одговор, како што наведе, ѝ било посочено дека станува збор за заштитени податоци. Таа побара конкретни информации во врска со анексите и договорите, нагласувајќи дека Советот треба да има увид и да добие отчет за тоа кои се приходите, а кои се расходите.

Збор зема градоначалникот Сотир Лукровски, кој побара да се промени формулацијата во однос на начинот на кој се поставуваат прашањата. Тој посочи дека и на претходната седница било укажано на истото и нагласи:

„Ви чистам, гласате на Мими. Ниту некому чистите, ниту некому гласате. Сите

сме тука за граѓаните.“

Градоначалникот нагласи дека советниците треба да се изјаснат дали ќе гласаат за точката или нема да гласаат за точката. Воедно, посочи дека доколку имаат потреба од дополнителни информации, можат да дојдат кај него и ќе им бидат дадени потребните информации.

Во однос на терминот за одржување на седницата, беше посочено дека времето ќе биде дополнително усогласено.

Во истиот контекст беше отворено и прашањето за советничките прашања, при што беше констатирано дека градоначалникот нема ингеренција да забрани поставување советнички прашања.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска кога поставуваат прашања тие вршат контрола на Градоначалникот посочи дека претседателот на Совет не е вработен во општината, тој треба да е на нивна страна, на некој начин.

Збор зема членот на Советот Славко Митевски во однос на прекинувањето на седница посочи дека постајат примери дека претседавач може да ја води седницата па поради тоа немаше потреба да се одложува седницата .

Збор зема Адријана Јакимовска Панчевска реплика кон Митевски, прашањето е едноставно: дали го правдате самоволието што се правело во минатиот мандат? Ако го критикувате тогашното работење, очекувам истиот критериум да важи и денес. Не може едни правила да важат за едните, а други за другите.

Збор зема членот на Советот, Дарко Ристовски. Според него, Градоначалникот на крајот од дискусијата треба да се обрати пред Советот и да даде образложение за предложениот ребаланс на буџетот.

Во однос на ребалансот на буџетот за тековната година, Ристовски истакна дека во вториот дел од предлогот се забележуваат, како што наведе, нереалистично планирање и недоволна реализација на дел од наведените проекти. Посочи дека се ветени капитални проекти, но дека постои значителна стапка на нивна нереализација, а во ребалансот се образложуваат промените како техничка прераспределба на средствата.

Според Ристовски, не станува збор само за техничка прераспределба на буџетот, туку и за намалување на средствата за развојниот дел на буџетот, со истовремено зголемување на средствата за привремени вработувања, јавна чистота, урбана опрема, настани и други тековни расходи. Тој посочи дека се намалуваат средствата за одредени капитални проекти, додека се зголемуваат средствата за администрација и други тековни потреби.

Како спорни ставки ги посочи:

- Во програмата за општинската администрација – зголемување на средствата за привремени вработувања за околу 10 милиони денари.
- Во делот на јавната чистота – зголемување на средствата за околу 12 милиони денари.
- Вкупно, за привремени вработувања се предвидуваат околу 113 милиони денари, што, според него, претставува значаен износ во споредба со средствата кои се кратат од капиталните проекти.
- За локални патишта и улици – намалување на средствата за околу 7 милиони денари за реконструкција и одржување.
- За проектот во Бардовци, односно за улиците 5, 6 и 7 – намалување на средствата за околу 9 милиони денари.
- За проектите поврзани со енергетска ефикасност – намалување на средствата за околу 2 милиони денари.

Ристовски посочи и на намалувањето на општиот општински буџет, како и на прашањето за наплатата на приходите.

Тој истакна дека програмата за општинската администрација се зголемува за над 9,1 милиони денари, и изрази загриженост поради зголемувањето на расходите за администрацијата, репрезентацијата и опремата, во услови кога, како што наведе, граѓаните и бизнис-секторот се соочуваат со економски предизвици.

Во таа насока, Ристовски постави прашања до општинската власт: колку лица моментално се ангажирани со договори за привремени вработувања, колкав е месечниот трошок за нив и поради кои причини се бараат дополнителни 22 милиони денари за привремени вработувања во текот на годината.

Во однос на намалувањето на средствата за патишта и улици, тој побара да биде прецизирано кои конкретни улици и патишта во Општина Карпош нема

да бидат асфалтирани или реконструирани поради намалувањето на средствата за 7 милиони денари. Посочи дека во материјалите не е наведена конкретна листа на улици и патишта на кои ќе се однесува ова намалување.

Во однос на анексите и непредвидените трошоци, Ристовски побара појаснување зошто не биле предвидени анекси и дали можело навремено да се укаже дека за одредени активности не постои анекс или дополнително финансиско покритие.

На крајот, Ристовски оцени дека предложениот ребаланс, според неговото видување, претставува пренасочување на средства од развојни и капитални инвестиции кон тековни расходи. Тој посочи дека средствата наменети за реконструкција на улици и патишта, енергетска ефикасност и други капитални проекти се намалуваат, додека се зголемуваат средствата за административни трошоци и привремени вработувања.

Ристовски изјави дека, според неговиот став, предложениот ребаланс не треба да биде поддржан во оваа форма и побара средствата што се кратат од капиталните проекти да бидат пренасочени назад кон капитални инвестиции.

За збор се јави членот на Советот Горан Михајлов, кој истакна дека Советот треба да биде тука за граѓаните и за решавање на нивните реални проблеми.

Во однос на фасадите, Михајлов посочи дека досега не била реализирана ниту една фасада, а средствата се префрлаат пред самиот крај на годината, со што, според него, не се остава доволно простор за други можни апликанти или за реализација на дополнителни проекти.

Тој се осврна и на проблемот со паркинзите, нагласувајќи дека тие не се реализираат поради очекувањето дека во иднина јавно претпријатие ќе изгради катни гаражи. Според Михајлов, сепак, изградбата на паркинзи е реален и сериозен проблем за граѓаните на Карпош.

Како други области од кои, според него, се откажува општината, ги посочи екологијата и проектите поврзани со бунарите.

Михајлов се осврна и на капиталните трансфери, посочувајќи дека се предвидени околу 9 милиони, додека дополнителни 13 милиони денари од општината ќе бидат издвоени за механизацијата за „Димо Хаџи Димов“. Во однос на патеката на кејот, тој посочи дека нејзината изградба би чинела околу

150.000 евра за три километри, но дека на оваа седница се откажуваат средства за многу повеќе проекти.

Тој го отвори и прашањето за блок-дотациите, особено за недостигот на средства за наставниот кадар, посочувајќи дека државата има точни податоци за бројот на вработени во образованието.

На крајот, Михајлов постави прашање дали со предложениот буџет навистина се прави нешто подобро за граѓаните.

Збор зема членот на Советот Славко Митевски, кој даде кратко резиме на предложениот буџет.

Митевски оцени дека станува збор за „ дебаланс“, во кој се кратат средства од фасади и други проекти кои директно би ги почувствувале граѓаните, додека, според него, се зголемуваат средствата за плати.

Тој посочи дека околу една третина од буџетот се издвојува за плати, што го оцени како сериозен дисбаланс.

Митевски очекува ваквата состојба да продолжи и со уште еден ребаланс до крајот на годината, при што, како што рече, можно е да има дополнително откажување од проекти.

Тој изрази надеж дека до следната година нешто ќе се промени и дека средствата ќе се насочат кон проекти од кои директна корист ќе имаат граѓаните.

Збор зема претседателот на Советот, Христо Саракинов тој истакна дека со овој Ребаланс се предвидени дотации за плати на вработените во училиштата и градинките. Во Ребалансот се издвоени и средства во износ од 5 милиони денари за изградба на игралиште во Влае. Посочи дека станува збор за игралиште кое постои веќе 13 години, па остави да се процени дали токму сега е потребно да се направи. Напомена дека на игралиштето се одржуваат спортски игри.

Во однос на прославата, посочи дека во минатото имало и погламурозни прослави, вклучително и во хотелот „Александар Палас“, со музичка програма и други содржини.

Во врска со униформите, потсети дека претходно советниците не биле задоволни од оваа ставка, а сега сметаат дека станува збор за добра ставка за униформи, што, според него, претставува пример за двојни стандарди кај советниците.

Тој истакна дека во меѓувреме има многу промени и дека во Ребалансот се опфатени повеќе значајни активности и проекти: улиците „Софиска“, „Трифун Бузев“, „Руѓер Бошковиќ“, „Атинска“ и други улици, две градинки, две спортски сали, стипендии, спорт, образование, поддршка на спортски клубови и култура, како и манифестацијата „Карпош лето“, за која, како што рече, не се памети колкава била посетеноста.

На крајот истакна дека на советниците останува да одлучат како ќе гласаат, но оцени дека Ребалансот е солидно проектиран и ги повика советниците да го поддржат.

За збор се јави раководителот на Секторот за финансии, Мирјана Ѓорѓиевска.

Таа објасни дека како раководител на секторот ги собира и ги сублимира податоците што ги доставуваат колегите од соодветните сектори, односно од програмите што ги подготвуваат тие. Програмите, како што истакна, се подготвуваат од надлежните сектори и најчесто поминуваат без забелешки, додека Секторот за финансии ги сублимира податоците и ги внесува во формат што го бара Министерството за финансии, за да може буџетските податоци да се вчитаат.

Кога станува збор за програмите, без разлика дали се работи за комунална инфраструктура, енергетска ефикасност или други области, тие се подготвуваат од колегите кои директно работат на проблематиката, проектите и активностите. Според неа, прашањата најчесто се поставуваат во однос на буџетските средства, иако ова прашање било објаснувано и во претходните состави на Советот.

Таа нагласи дека прашањата во однос на конкретните проекти треба да се упатат до колегите од соодветните сектори кои ги подготвуваат и реализираат програмите, бидејќи таа ги сублимира доставените податоци.

Во однос на прашањето зошто одредена улица, која на почетокот била проценета на 40 милиони денари, на тендерот била реализирана за 32 милиони

денари, Ѓорѓиевска објасни дека станува збор за првични проектантски проценки. Таа нагласи дека ниту таа, ниту колегите од соодветниот сектор ги определуваат тие цени.

Општината има проекти за кои се ангажираат проектанти преку постапки за јавни набавки. Врз основа на договорите со проектантите се изработуваат проектите кои Општината ги бара, односно проектите со кои Општината аплицира пред надлежните министерства.

Таа посочи дека Општината има значителни капитални расходи. Како што истакна, тие изнесуваат околу 600 милиони денари, додека вкупниот буџет е околу 700 милиони, при што значаен дел од буџетот е наменет за капитални инвестиции.

Поради тоа, таа апелираше при донесувањето на програмите, тие да се разгледуваат и разработуваат заедно со колегите од соодветните сектори. Како раководителка на Секторот за финансии, таа нема одговор на сите прашања поврзани со конкретните проекти, бидејќи нивната реализација е во надлежност на соодветните сектори.

Во однос на привремените вработувања, таа истакна дека Секторот за финансии секогаш ја пресметува потребната сума. Меѓутоа, поради ограничувањата во буџетот, не секогаш може да се обезбедат средствата во целосниот износ.

Посочи дека во периодите кога буџетот бил 2 милијарди или 2,5 милијарди денари, се предвидувале точните суми за привремените вработувања. Сега, според неа, се остава поголем простор за капиталните инвестиции.

Како пример го посочи периодот во ноември, кога, доколку реализацијата на буџетот е околу 75 проценти, може да се обезбедат дополнителни 100 милиони денари. Меѓутоа, капиталните инвестиции не можат реално да се реализираат во ноември и декември. Поради тоа, дел од средствата се остваат за покривање на тековните трошоци.

Таа нагласи дека при изработката на Буџетот било потенцирано дека голем дел од тековните трошоци се намалуваат за да се обезбедат повеќе средства за капитални расходи во текот на годината. Тековните трошоци можат да се покриваат и во ноември и декември, додека капиталните инвестиции бараат

подолг период за реализација.

Во однос на проектите кои не се реализирани, таа посочи дека постојат и објективни и субјективни причини. Како пример го наведе Бирото за јавни набавки, каде што одредена јавна набавка може да биде предмет на контрола и да биде блокирана и до еден месец.

Таа посочи дека и колегите од соодветните сектори кои ги водат капиталните инвестиции можат да потврдат дека понекогаш постапките за јавни набавки не можат да продолжат поради контролите во Бирото за јавни набавки.

Според неа, постојат и субјективни и објективни причини поради кои одредени јавни набавки и капитални инвестиции не можат да се реализираат во предвидениот рок.

Таа потсети дека во април било подготвено, односно на 21 мај се предлага донесувањето на Ребалансот. По неговото усвојување потребно е време за да се извршат потребните измени во Планот за јавни набавки. Доколку за одредена набавка се потребни дополнителни технички спецификации или подготовки, таа не може да биде објавена веднаш по донесувањето на Ребалансот.

Таа нагласи дека капиталните инвестиции бараат значително подолг временски период за нивна целокупна реализација.

На крајот истакна дека доколку се одлучи повторно да се пристапи кон подготовка на Буџетот, тоа може да се направи за еден месец, при што сите треба да учествуваат во процесот и да бидат вклучени.

Посочи дека прво би се издвоиле фиксните и неопходните расходи: паушалите на советниците, персоналниот данок, трошоците за телефони, отплатата на кредитот кон Светска банка, платата на градоначалникот, како и трошоците поврзани со месните заедници, платите и комуналните услуги за вработените во Општинската администрација.

Во однос на приходите од даноци на плати на вработените, Општината нема директна можност да влијае врз нивната висина. Овие средства се евидентираат во Заедничкиот фонд на Министерството за финансии, а средствата што се распределуваат на Град Скопје и на градските општини се утврдуваат согласно законски утврдената формула. Даночните приходи се собираат во текот на месецот, а на крајот на месецот Министерството за

финансии ги распределува средствата, при што 50% од средствата се распределуваат на Град Скопје, а 50% на десетте скопски општини.

Исто така, Општината нема директна надлежност врз данокот на имот што се наплатува преку Град Скопје. Ние не ги изготвуваме даночните решенија и не можеме самостојно да влијаеме врз нивното издавање. Секако, Општината континуирано ги повикува граѓаните да ги подмират своите даночни обврски, но тоа може да се направи откако ќе бидат изготвени и доставени решенијата. Во Општина Карпош имаме добра наплата на данокот на имот и во тој дел продолжуваме со активностите за информирање и поттикнување на граѓаните навремено да ги исполнуваат своите обврски.

Од друга страна, наша директна обврска е да создадеме услови за развој и изградба, односно да донесуваме детални урбанистички планови. Во изминатите години, за време на мандатите на градоначалниците Стефан Богоев и Стевче Јакимовски, како и во изминатата година, практично немаме донесено нови детални урбанистички планови. Советниците и вработените во Општината треба да бидат на иста страна и да работат во интерес на граѓаните, со цел да се надминат ваквите проблеми.

Во однос на средствата за одредени буџетски програми, важно е да се нагласи дека прераспределбите се вршат согласно реализацијата на средствата. На пример, средствата од 1.500.000 денари, кои со првиот ребаланс се намалени на 600.000 денари, се намалени затоа што не постоела реализација во предвидениот обем. Согласно состојбата на сметката и реализацијата на програмите, средствата се пренаменуваат таму каде што во моментот се најпотребни.

Во Програмата за детска заштита, средствата за договорни услуги што се однесуваат на детските градинки се средства на Општината со кои им помагаме на градинките во покривање на нивните потреби. Дел од средствата што првично биле планирани за рушење се ослободени, бидејќи рушењето било реализирано со донација, и тие средства се пренаменети за градинките. Ова е особено значајно затоа што во детските градинки со години постои проблем со недостиг на вработени и нема доволно согласности за нови вработувања.

Во однос на блок-дотациите, нив ги обезбедуваат надлежните министерства, пред сè Министерството за труд и социјална политика и Министерството за

образование. Општината не може да се меша во делот кој е во надлежност на министерствата. Министерството определува одредена сума средства, а потоа од училиштата и градинките се прибираат податоци за потребните средства за плати. Врз основа на тие податоци се прави пресметка и распределба.

Она што останува по покривањето на платите е релативно мала сума, која во зависност од годината може да изнесува околу 10 или 20 милиони денари. Дополнително, распределбата зависи и од бројот и големината на училиштата, нивната квадратура, бројот на ученици и други критериуми. Средствата од блок-дотациите во најголем дел се доволни за платите, но не и за сите тековни трошоци. Поради тоа, училиштата веќе имаат обврски што не можат целосно да ги покријат само со средствата од блок-дотациите. Тековните трошоци во значителен дел мора да ги покрива и самата Општина.

Во однос на Локалниот економски развој, средствата согласно програмата се прераспределуваат од една на друга ставка, при што намената суштински останува иста. На пример, средствата наменети за трансфери до здруженија се префрлаат во соодветна ставка за други трансфери. Станува збор за внатрешна буџетска распределба со која се усогласуваат контата со реалната потреба и реализација.

Истото се однесува и на Програмата за култура. При планирањето на буџетот средствата се распределуваат по одредени конта, но при реализацијата се гледа на кое конто реално има потреба од средства. Доколку одредена активност не се реализира, а средствата се ослободени, тие може да се пренаменат во други ставки каде што постои реална потреба.

Средствата од 3,5 милиони денари се веќе реализирани и исплатени преку капиталните трошоци. Со измените во Програмата за образование тие се наменети за дидактички материјали, додека дополнителниот износ од 1 милион денари е наменет за ранчиња за учениците.

Средствата во комуналната програма се наменети за итни интервенции во училиштата и детските градинки. Мора да постои финансиска резерва за непредвидени ситуации – на пример, оштетување на покрив или друга итна интервенција која не може да се одложи.

Во однос на енергетската ефикасност и фасадите, на ова конто се реализирани 8 милиони денари врз основа на договори од претходната година. Останатиот

износ од 1 милион денари претставува слободен ресурс кој е прераспределен на други конта.

Фасадите и понатаму ќе се реализираат, но согласно соодветен правилник. Ова е направено и поради забелешките од ревизијата. Досегашниот модел, според кој целосната вредност на фасадите се покриваше од буџетот на Општината, е предмет на забелешка од ревизијата. Оттаму, се пристапува кон изработка на посебен правилник со кој ќе се овозможи и финансиско учество на граѓаните, слично како што е случајот со одредени други заеднички инвестиции, како што се лифтовите.

Во однос на блок-дотациите, програмата ЈЕ се брише поради недоволните капитални средства. Сметаме дека е оправдано да се искористат средства од други институции таму каде што постои можност за тоа. На пример, АТ за стопанисување со станбен и деловен простор има најавено изградба на три монтажни гаражи на територијата на Општина Карпош. Доколку одредена инвестиција може да се реализира преку друга институција, нема потреба Општината дополнително да троши сопствени средства за истата намена.

Средствата кои се ослободени со прераспределбите се распределуваат за патувања, репрезентација и потрошен материјал, согласно потребите на Општината. Предвидено е околу 2 милиони денари да се реализираат за овие намени, а при следниот ребаланс средствата повторно ќе се разгледаат и ќе се насочат таму каде што ќе се утврди дека се најпотребни.

Оттука, важно е при анализата на буџетот да не се гледа само номиналниот износ на буџетот, туку и реалната можност Општината да влијае врз приходите и расходите, степенот на реализација на програмите, законските надлежности и можностите за прераспределба на средствата.

На тој начин, преку реалните остварени приходи, реализацијата на расходите и податоците од надлежните институции, би можело реално и аргументирано да се утврдат бројките, без разлика дали и наредната година вкупниот буџет би изнесувал околу 700.000.000 денари.

Не можеме директно да влијаеме врз данокот од плати на вработените. Средствата од Заедничкиот фонд на Министерството за финансии се распределуваат врз основа на приходите од данокот на личен доход. Овие средства се собираат во текот на месецот, а на крајот од месецот

Министерството за финансии, согласно утврдената формула, распределува 50% на Град Скопје и 50% на десетте скопски општини.

Во однос на данокот на имот, исто така, не можеме директно да влијаеме врз постапката на Град Скопје. Општината не е таа што ги изготвува даночните решенија. Ние секојдневно комуницираме со Град Скопје и укажуваме дека решенијата треба навремено да се изготват и достават. И самите граѓани вршат притисок бидејќи сакаат навремено да го платат данокот. Ние можеме да ги поттикнуваме граѓаните да ги плаќаат своите обврски, но тоа можеме да го направиме откако ќе ги добијат решенијата. Кај нас наплатата на данокот на имот е на добро ниво.

Од друга страна, наша обврска е да создадеме услови граѓаните да можат да градат, а за тоа се потребни детални урбанистички планови. Во последните четири години, односно во мандатот на градоначалникот Стефан Богоев, потоа во мандатот на Стевче Јакимовски, како и во изминатата година, практично немаме донесено нови детални урбанистички планови. Советниците и вработените во Општината треба да бидат на иста страна и заеднички да работат во интерес на граѓаните.

Во однос на намалувањето на средствата од 1.500.000 на 600.000 денари, средствата беа намалени со првиот ребаланс бидејќи немаше реализација. Кога се гледа извршувањето на буџетот, се гледаат средствата на соодветните конта и доколку нема реализација, средствата остануваат неискористени и можат да се пренаменат.

Кај договорните услуги во Програмата за детска заштита, станува збор за средства на Општината наменети за детските градинки. Дел од средствата, во износ од 1.500.000 денари, ги пренаменивме бидејќи рушењето беше реализирано со донација. Наместо тие средства да останат неискористени, ги насочивме кон градинките, бидејќи тие имаат сериозен проблем со договорните услуги и со обезбедувањето средства за исплата на платите. Сите знаеме дека со години постои проблем со недостиг на вработени во детските градинки, а дополнително нема согласности за нови вработувања. Во тој дел Општината им помага во рамките на своите можности.

Во однос на блок-дотациите, средствата ги обезбедуваат надлежните министерства, пред сè Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука. Општината не може да се меша во

нивните надлежности. Министерството определува износ на блок-дотација, а потоа училиштата и градинките доставуваат податоци за потребните средства, пред сѐ за плати.

Врз основа на податоците од училиштата и градинките се прават пресметки и табели за потребните средства за плати. Она што останува по покривањето на платите е релативно мал износ. Во зависност од годината, може да останат 10 или 20 милиони денари. Овие средства се распределуваат согласно бројот на училиштата, нивната големина, квадратурата и бројот на ученици.

Сепак, средствата од блок-дотациите се недоволни за покривање на сите тековни трошоци. Училиштата веќе имаат обврски од околу 20 милиони денари кои не можат да ги покријат само од блок-дотациите. Блок-дотациите во најголем дел се користат за плати, додека значителен дел од тековните трошоци мора да ги покрива самата Општина.

Во однос на локалниот економски развој, согласно програмата, станува збор за внатрешна распределба на средствата од една на друга ставка. Средствата наменети за трансфери кон здруженија се префрлаат во соодветната ставка за други трансфери. Намена на средствата не се менува, туку се врши усогласување на конта.

Истото се однесува и на културата. При подготовката на буџетот средствата се распределуваат по одредени конта, но при реализацијата на активностите се гледа на кое конто реално се направени трошоците. Доколку определена активност не е реализирана, а средствата се ослободени поради тоа што одредени трошоци биле покриени од други извори, тие средства можат да се пренаменат таму каде што се најпотребни.

Во однос на средствата од 3.500.000 денари, тие веќе се реализирани и исплатени преку капиталните трошоци, додека дополнителниот износ од 1.000.000 денари треба дополнително да се исплати.

Од средствата за образованието, 3.500.000 денари се наменети за дидактички материјали, а 1.000.000 денари за ранчиња.

Средствата во комуналната програма се наменети за итни интервенции во училиштата и градинките. Доколку дојде до итна потреба, како оштетување или пад на кров, неопходно е да имаме обезбедени средства за итна

интервенција и санација.

Во однос на енергетската ефикасност и средствата за фасади, знаете дека имаме забелешки од ревизијата. На ова конто се потрошени 8 милиони денари врз основа на договори од минатата година. Дополнителниот 1 милион денари претставува слободен износ кој беше прераспределен на други конта.

Фасадите ќе продолжат да се реализираат, но согласно соодветен правилник. Ревизијата даде забелешка дека досегашниот начин на финансирање, при кој целосниот износ за фасадата го покрива Општината, треба да се промени. Согласно забелешката, потребно е во реализацијата да учествуваат и граѓаните, слично како што имаат учество и кај други интервенции, како што се лифтовите.

Затоа, заедно со колегите и градоначалникот, одлучивме да подготвиме посебен правилник со кој ќе се уреди начинот на финансирање и учеството на граѓаните во реализацијата на фасадите. Од тие причини, средствата се прераспределуваат, а средствата од 8 милиони денари веќе се реализирани врз основа на минатогодишниот договор.

Во однос на блок-дотациите, програмата за основното образование се намалува поради недостиг на капитални средства. Сметаме дека е оправдано, доколку постои можност, дел од средствата за определени активности да се обезбедат од друга институција и така да се намали товарот врз буџетот на Општината.

На пример, АД за стопанисување со станбен и деловен простор планира да реализира три монтажни гаражи на територијата на Карпош. Доколку одредена инвестиција може да ја реализира друга институција, нема потреба Општината да троши сопствени средства за истата намена.

Средствата што се ослободуваат со овие измени се распределуваат на патувања, репрезентација и потрошен материјал, согласно потребите утврдени во програмите. Согласно реализацијата на буџетот, околу 2 милиони денари ќе се потрошат за овие намени.

Доколку во текот на годината се покаже дека средствата не се потребни во целосниот планиран износ, со следниот ребаланс тие повторно ќе бидат прераспределени таму каде што ќе има најголема потреба.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

Претседателот констатираше присуство на 26 членови на Советот.

Поради грешка во броењето советниците побараа поименично гласање.

По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, 8 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоен Буџетот за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош да го извести Советот за ставот на комисијата по точката кои истата ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, го извести Советот дека седницата на комисијата се одржала на 25.09.2026 година, даде појаснување за точката која била разгледувана и истакна дека комисијата му предлага на Советот да расправа и одлучува по истата.

ТОЧКА 9. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

Претседателот констатираше присуство на 22 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 3 гласа

ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека се усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје

Претседателот предложи заедничка распарава од точка 10 до точка 19, а поеидинечно гласање

По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАН нема, констатирано е дека се усвоен е предлогот за заедничка расправа

ТОЧКА 10. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

Претседателот отвори расправа по предложените точки.

Збор зема членот на Советот Добрила Андоновска, која истакна дека во Општина Карпош има навистина извонредни училишта, од сите аспекти, и упати честитки до директорките, наставниците и сите вработени за нивната работа и ангажман. Посочи дека секогаш може да се направи нешто повеќе, при што училиштата се ангажираат во обезбедување донации и спонзорства.Како особено позитивно го истакна фактот што речиси сите училишта имаат дополнителни активности, учествуваат во различни едукации и активности надвор од редовната настава и постигнуваат значајни резултати. Информираше дека во програмите и буџетот за наредната година повторно да се предвиди враќање на наградите за учениците кои постигнуваат извонредни резултати на натпревари во државата и надвор од неа, како и за наставниците-ментори на учениците кои постигнале врвни резултати. Изрази надеж дека државата ќе има обезбедени средства за оваа намена и дека тие средства ќе се зголемуваат, имајќи предвид дека значаен дел од средствата се обезбедуваат преку буџетот на Општина Карпош. Понатаму, истакна дека училиштата добиваат урнеци и насоки од Министерството за образование и наука за тоа како треба да изгледаат одредени активности и извештаи, но дека нивната реализација во голема мера зависи од креативноста и ангажманот на училиштата.Во однос на Извештајот за работата на ООУ „Јан Амос Коменски“,истакна дека во него требало да бидат опфатени и значајните случувања поврзани со раководењето на училиштето во 2026 година, особено

во второто полугодие.Посочи дека во краток временски период дошло до промена на три директорки. Директорката која била избрана по спроведен конкурс била разрешена на 19 март, по што била назначена вршител на должност директор во истото училиште. По два и пол месеци, првата вршителка на должност директор, односно втората директорка во училиштето, поднела оставка. Истакна дека не сака да шпекулира за причините за оставката, но смета дека овие случувања треба да бидат наведени во Извештајот.Во меѓувреме, како што посочи, биле сменети и два училишни одбори. Според неа, овие настани се значајни за работата на училиштето и требало да бидат опфатени во Извештајот, бидејќи честите промени во раководството отвораат прашања во однос на континуитетот на работата, стабилноста на училиштето и односите меѓу вработените.Таа постави прашање во каква атмосфера работи училиштето кога во краток период се сменети три директорки. Истакна дека е тешко да се очекува стабилност во работата и добри односи во училиштето доколку во текот на една учебна година се сменат три директорки, а во моментот се именува и четврта. Поради тоа, според неа, не може да се објави конкурс за избор на директор сè додека состојбата не се стабилизира и постапката не биде целосно подготвена.

На крајот, истакна дека приоритет треба да биде обезбедување квалитетна настава и смирување на меѓусебните односи во училиштето.

Збор зема членот на Советот Татјана Чакулев, која истакна дека извештаите треба да бидат одраз на реализацијата на програмите. Посочи дека во некои извештаи детално е образложено што било планирано и што е реализирано, додека во други извештаи воопшто нема доволно информации за реализацијата.

Побара во иднина извештаите да содржат подетални информации за реализацијата на планираните активности, особено во делот на планираните и реализираните реконструкции, односно јасно да биде наведено што било планирано, што е реализирано, а што не е реализирано, со цел да може да се утврди што конкретно е постигнато.

Сака да се осврне на неколку работи поврзани со годишните извештаи и работата на основните училишта во нашата Општина.

Годишниот извештај, според неа, претставува еден вид евалуација на целокупната работа на училиштето во текот на една учебна година. Тој треба

да ги прикаже постигнатите резултати, реализацијата на она што било предвидено со годишната програма, но истовремено треба да ги детектира и предизвиците со кои се соочило училиштето. Токму тие согледувања треба да бидат основа за планирање на идната работа и за подготовка на годишната програма за следната учебна година.

Оттука, смета дека не треба да се очекува секој годишен извештај да биде реализиран 100 проценти според првично предвиденото. Во текот на една учебна година може да се појават низа непредвидени ситуации – инфраструктурни проблеми со објектите, кадровски или здравствени отсуства, недостаток на средства, како и други околности кои можат да влијаат врз реализацијата на одредени активности.

Она што сака особено да го истакне денес се позитивните работи.

Генерално, задоволна е од работата на основните училишта во Општина Карпош и повеќепати истакнала дека тие се училишта кои со својата работа и постигнувања се препознаваат на ниво на Градот Скопје, но и пошироко.

Во годишните извештаи јасно се прикажува реализацијата на наставните планови и програми. Постои задолжителен дел кој мора да се реализира, но постои и флексибилен дел преку кој училиштата можат да одговорат на тековните потреби и на непредвидените ситуации. Особено е важно што се следи реализацијата на наставата и наставниот фонд, се води статистика за оценувањето и постигнувањата на учениците, нивното учество и резултатите на натпревари, како и учеството во различни проекти и активности. Има ученици кои постигнуваат значајни резултати и освојуваат државни награди, ученици со чии успеси може да се гордеат. Тоа е показател дека во нашите училишта се вложува во знаењето, развојот и потенцијалот на учениците. Исто така, позитивно е што во училиштата се применуваат современи методи на настава и се реализираат активности поврзани со меѓуетничката интеграција. Сето тоа придонесува за создавање на инклузивна, квалитетна и ефикасна образовна средина.Би сакала да истакне дека во изработката на годишните извештаи не учествува само директорот. Вклучени се и училишните одбори, советите на родители, како и стручните служби – педагозите, психолозите и останатите стручни работници.Тоа е важно од аспект на транспарентноста и квалитетот на процесот на подготовка на извештаите. Затоа ги поздравува сите оние кои учествуваат во овој процес и придонесуваат извештаите реално да ја отсликуваат работата на училиштата. Се надева дека во иднина годишните

извештаи ќе бидат уште поквалитетни, подетални и уште покорисни како алатка за планирање на идните активности. Во таа насока, сака да ги истакне и инвестициите во подобрувањето на условите во нашите училишта. Во текот на овој мандат, во ООУ „Димо Хаџи Димов“ се обезбедени средства за изградба на спортска сала. Во ООУ „Братство“ е поставен камен-темелник за изградба на спортска сала. Во ООУ „Владо Тасевски“ се реализирани активности за подобрување на условите и поставување фитнес-зона.

Дополнително, нови фитнес- и спортски игралишта се поставени и во училиштата „Војдан Чернодрински“, „Вера Циривири-Трена“, „Аврам Писевски“ и во други училишта во Општината.Сето тоа покажува дека покрај следењето на наставниот процес и постигнувањата на учениците, мора континуирано да работат и на создавање подобри услови за учење, спорт и развој. И во иднина треба да продолжат со подготовка и реализација на проекти кои ќе придонесат за подобрување на условите во училиштата и за создавање подобра средина за нашите ученици.Нивната цел треба да биде јасна – квалитетно образование, современи услови и можности секое дете во Општина Карпош да го развива својот потенцијал.

Претседателот констатираше присуство на 22 членови на Советот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

ТОЧКА 11. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

Претседателот констатираше присуство на 22 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

ТОЧКА 12. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

Претседателот констатираше присуство на 23 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

ТОЧКА 13. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

Претседателот констатираше присуство на 23 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

ТОЧКА 14. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

Претседателот констатираше присуство на 23 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

ТОЧКА 15. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

Претседателот констатираше присуство на 23 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ , констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

ТОЧКА 16. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

Претседателот констатираше присуство на 23 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ , констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

ТОЧКА 17. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

Претседателот констатираше присуство на 22 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

ТОЧКА 18. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

Претседателот констатираше присуство на 23 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Петар

Поп Арсов“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

ТОЧКА 19. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

Претседателот констатираше присуство на 23 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје за учебната 2025/2026 година

ТОЧКА 20. Предлог-Одлука за формирање Одбор за доделување на награди и други признанија по повод 50 – годишнината од формирањето на Општина Карпош

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Членот на советот Татјана Стојановска побара да се прочитаат имињата на одборот за доделување на награди и признанија по повод 50 – годишнината

Одборот се формира во состав од седум члена, и тоа:

1.Сотир Лукровски, Градоначалник на Општина Карпош – претседател;

2.Христо Саракинов, Претседател на Советот на Општина Карпош – член;

3.Адријана Јакимовска Панчевска , член на Советот на Општина Карпош – член;

4.Славко Митевски, член на Советот на Општина Карпош – член;

5.Татјана Стојановска, член на Советот на Општина Карпош – член;

6.Вера Бужаровска, член на Советот на Општина Карпош – член;

7.Јасмин Циривири, член на Советот на Општина Карпош-член;

Што се однесува до составот на Одборот, смета дека треба да бидат застапени сите советнички групи, односно претставници од сите политички субјекти застапени во Советот останува едно место кое го отстапува ГРОМ. Тоа место, според неа, не се нуди на друга советничка група, туку се остава во рамки на коалицијата. Секако, и во коалицијата има претставници, но смета дека би било навистина коректно, доколку ГРОМ се откажува од местото, тоа место да се понуди на некоја друга советничка група. Нема никаква забелешка во однос на тоа. Повторно ќе каже: досега немало ниту понуда, ниту договор за тоа место.Смета дека ова треба да биде заеднички договор, односно да се договорат сите заедно. И советничката група на ЗНАМ, исто така, на изборите имала свој став и свој предлог. Тоа бил нејзиниот предлог, кој тие го одбиле, а сега излегува дека сепак работите се движат во таа насока.

Затоа повторторува дека никој нема намера оваа комисија да ја претвори во тело каде што ќе се надгласуваат. Никому не му е потребно тоа. Таа може да си избере и да каже дека тоа е нејзин предлог.

Според информациите што ги има, овој пат се предвидуваат пет членови. Нема да се оди на гласање во Одборот, туку со консензус и договор да ги изберат сите пет членови, доколку навистина бидат пет.

Поентата е сите заедно да постигнеме договор, сите советнички групи. Ако Левица и ГРОМ се откажат од своите места, тоа е нивна одлука и никој не може да им сугерира поинаку. Но, доколку има слободно место, смета дека треба транспарентно да се понуди на останатите советнички групи и заеднички да се договорат.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

Претседателот констатираше присуство на 23 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоена Одлуката за формирање Одбор за доделување на награди и други признанија по повод 50 – годишнината од формирањето на Општина Карпош

ТОЧКА 21. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинската соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за партерно уредување и озеленување на просторот помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска во Општина Карпош

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Татјана Чакулев со цел од Одлуката да го прочита:

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Град Скопје го прифаќа предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за партерно уредување – геодестки снимања, изработување на проектна документација, расчистување на теренот и изградба на пешачки површини, паркинг простори, спортски игралишта, летна сцена, хортикултурно уредување и озеленување на паркова површина на просторот помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска.

Постави прашање каде се планирани овие паркинг простори и дали е изработена проектната документација?

Збор зема членот на Советот Славко Митевски по согледаната документација и консулатација со советниците од нивната политичка партија во Град Скопје Одлука им била донесена на 10 март, а потпишана е од претседателот на советот на 12 март. Сите овие месеци не доаѓа на дневен ред на нивна седница. Тие се сложиле во минатиот мандат, посебно во делот со каде барале ремедијација на просторот, многу гласн ибиле советниците на ВМРО, требало да се види што е депонирано, и каков отпад е депониран. Со цел да се види што е таму закопано.

Збор зема членот на Советот Благица Цветановска во врска со средствата дека

каде промена на сумата 30.000.000 со вклучен ддв.Од 118.000.000 денари каде за озеленување 75.000.000 денари, најбитно е отсранет и исчистен тој отпад по барање на советниците, без никакво одржување, се предвидува урбана опрема, треба да се постави системот капка на капка, насадување на дрва поставување, клупи, патеки, корпи, детски игралишта, чешми за пиење итн. Со оваа одлука Карпош би добил еден урбан и еколошки среден парк.

Збор зема Претседателот на Совет Христо Саракинов оваа одлука во Град Сјкопје е донесена со 98 милиона..Во однос на канцер паркот таму има документација од градот, што е ископано и што е извадено во тој Канцер Парк, има и записници. Во многу скоро време има најавено дека во Општина Карпош со својот тим ќе биде присутен градоначалникот на Град Скопје каде ќе им ги дадат сите детални информации. Ископано е над 200 камиони, дури и извадени гарнитури. Тој мега парк ќе биде добробит за цело Скопје, а ние како Општина сме како помагатели.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

Претседателот констатираше присуство на 24 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоена Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинската соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за партерно уредување и озеленување на просторот помеѓу реката Вардар и Бул.”Илинден” на потегот со улица “Никола Парапунов” и улица “Љубљанска” во Општина Карпош

ТОЧКА 22. Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Стопанска банка АД Скопје за опремување на Младинскиот центар на Општина Карпош и административните простории во Општина Карпош

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог

точката ја стави на гласање.

Претседателот констатираше присуство на 24 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлука за прифаќање на донација од Стопанска банка АД Скопје за опремување на Младинскиот центар на Општина Карпош и административните простории во Општина Карпош

23. Предлог-Одлука за преземање итни мерки за идентификација, запишување и вклучување во основното образование на деца на задолжителна училишна возраст кои се надвор од образовниот систем на подрачјето на Општина Карпош, со приоритетно постапување во населбите Злокуќани и Момин Поток

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Татјана Чакулев, која истакна дека, по консултација со правници, меѓу кои и правници кои работат во областа на заштитата на децата, по нивни сугестии е изготвен нов текст на одлуката, кој според неа е правно издржан.Во новата одлука се отстранети формулациите од старата одлука со кои се задолжува Секторот за образование, како и други спорни формулации. Новата верзија на одлуката е доставена по електронска пошта до сите советници.

Чакулев истакна дека целта на одлуката е да се реши конкретниот проблем со децата кои не посетуваат настава, и посочи дека за ова прашање разговарала со родители и со деца. Таа наведе дека разговарала со најмалку шест деца кои сакаат да одат на училиште, но не посетуваат настава поради тоа што личната карта на нивниот родител е пријавена во друга општина, иако семејствата фактички живеат на територијата на Општина Карпош.

Станува збор за лица кои живеат во супстандардни услови. Таа посочи дека учебната година започнала пред околу еден месец, а овие деца сè уште не посетуваат настава.

Според Чакулев, потребно е институциите, заедно со образовниот медијатор, кој е назначен токму за вакви ситуации, да излезат на терен и да се утврди

точниот број на деца кои се соочуваат со овој проблем. Таа нагласи дека постојат рокови и дека процесот мора да се заврши во најкус можен рок, бидејќи доколку децата не бидат опфатени со образовниот процес во наредните неколку месеци, постои ризик да мораат да чекаат до следната учебна година.

Чакулев информираше и дека било разговарано со Секторот за урбанизам и со родители кои имаат поднесено барања. Таа посочи дека во правилникот има измени во делот на регулирањето на престојувалиштето, со можност, доколку лицата живеат во објекти со нерешен имотно-правен или градежен статус, да им биде издадена потврда дека фактички живеат на одредена адреса, врз основа на која Министерството за внатрешни работи би можело да го регулира нивното престојувалиште.

Според неа, за решавање на овој проблем е потребно време и координација меѓу повеќе институции.

Таа посочи дека другата теренска група која се планира е насочена кон социјалните прашања, но дека не е познато колку случаи се започнати, ниту колку од нив се завршени. Според Чакулев, не е прифатливо целиот процес да трае една година, доколку е познато дека на терен постојат деца кои сакаат и треба да посетуваат настава.

На крајот, Чакулев истакна дека во подготовката на предлогот се консултирала со повеќе правници и дека, иако одлуката може да биде предмет на дополнителни правни разгледувања, смета дека е важно да се преземат конкретни чекори, особено имајќи предвид дека децата за кои станува збор фактички живеат на територијата на Општина Карпош.

Претседателот на Советот ја повика директорката на ООУ „Аврам Писевски“ да го образложи прашањето и да даде дополнителни информации.

Директорката на ООУ „Аврам Писевски“ истакна дека уште претходната недела било кажано дека сите деца кои биле запишани во училиштето за оваа учебна година биле примени.

Во однос на личните карти, односно местото на живеење на учениците, директорката посочи дека училиштето не може да постапува спротивно на законските одредби. Особено по 1 септември, кога веќе се формирани

паралелките и е обезбеден наставен кадар, училиштето располага со утврден број паралелки и наставници.

Таа нагласи дека лицето кое е одговорно за уписот на ученикот е родителот или старателот, а сите ученици кои се обратиле за упис во училиштето биле примени согласно условите и можностите на училиштето.

Во однос на учениците со надминатата возраст, директорката посочи дека и тие се примаат согласно законските можности, со цел да се овозможи нивно вклучување во образовниот процес. Во училиштето постојат и комбинирани паралелки, при што, според нејзиното образложение, законската рамка предвидува комбинирана паралелка за 10 ученици.

Директорката посочи дека во моментов постои паралелка со 29 ученици, во која е вклучен и ученик со надминатата возраст, но станува збор за ученик кој припаѓа на реонот на училиштето и бил уредно примен. Таа истакна дека доколку учениците биле пријавени навремено, можело да постои можност за отворање дополнителна паралелка, но по истекот на роковите состојбата е поинаква.

Во продолжение, директорката нагласи дека проблемот со уписот на дел од учениците не е нов и трае повеќе години. Таа посочи дека во неговото решавање се вклучени повеќе институции и лица, меѓу кои образовен медијатор и општински инспектор, со цел учениците да се вклучат во образовниот процес.

Исто така, истакна дека училиштето располага со наставник по ромски јазик, кој, според неа, ги поддржува барањата на учениците и родителите.

Директорката нагласи дека постојано се преземаат активности на терен, но дека постои разлика меѓу информациите што им се пренесуваат на родителите и реалната состојба. Според неа, дел од родителите доаѓаат во училиштето, ги запишуваат децата и добиваат потврди, но потоа учениците не продолжуваат редовно да посетуваат настава.

Реплика на Чакулев истакна дека, иако проблемот е деценски, тоа не значи дека може да биде игнориран. Посочи дека значителен дел од засегнатите лица се неписмени и живеат во супстандардни услови, поради што институциите имаат обврска да изнајдат соодветно решение за нивните деца

да бидат вклучени во образовниот процес.

Тој наведе дека уште од минатата година родителите бараат нивните деца да бидат запишани, при што дел од учениците немаат лична карта со адреса на територијата на Општина Карпош. Според него, ова прашање треба да се разгледа институционално и да се утврди начин за запишување на тие деца.

Чакулев посочи и дека процесот е следен од образовен медијатор и дека за учениците со надминатата возраст рокот, според неговото толкување, не е истечен, односно постои можност тие да бидат запишани до крајот на февруари 2027 година.

Директорката, од своја страна, посочи дека рокот за отворање нови паралелки е истечен.

Чакулев нагласи дека не навлегува во прашањето на отворање нови паралелки, туку бара одлуката да биде разгледана и да се утврди дали законските одредби се правилно применети. Според него, доколку законот предвидува право на запишување до крајот на февруари 2027 година, тоа право не смее да им биде скратено на учениците.

Претседателот на Советот Саракинов зема збор и појасни дека на почетокот од седницата бил предмет на критики поради тоа што ги ставил овие точки на дневен ред, имајќи предвид дека тие биле предложени од предлагачите и биле ставени на дневен ред согласно Деловникот, по претходна консултација со директорката и раководителката.

Претседателот истакна дека Советот треба да внимава да не навлезе во надлежностите на други институции. Поради тоа, побара раководителите и надлежните лица да го дадат своето мислење во однос на прашањето, со цел Советот да постапи во рамките на своите законски надлежности.

Збор зема членот на Советот Горан Михајлов, кој истакна дека Чакулев многу добро го лоцирала проблемот и го изнела пред аудиториумот. Според него, таа го утврдила проблемот и иницирала негово решавање, поради што ја поддржува иницијативата.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска, која посочи дека на минатата седница се соочиле со истото прашање. Истакна дека членовите на Советот не се надлежни да утврдуваат дали одредена одлука е правно издржана, бидејќи

за тоа постојат надлежни институции, меѓу кои и Уставниот суд. Доколку одлуката биде изгласана, Градоначалникот може да ја одбие доколку смета дека е незаконска.

Посочи дека секој член на Советот има право да гласа согласно своето уверување. Во однос на предлогот на Чакулев, истакна дека таа ги разгледала и консултирала релевантните документи и законските одредби, како и дека се консултирала со правници, а не со директорката или со членовите на Советот, при што добила уверување дека одлуките се правно издржани. Поради тоа, смета дека не е целисходно дискусијата да се насочува кон тоа дали одлуките се правно издржани или не. Членовите на Советот можат да гласаат согласно своето уверување, но не смета дека е потребно дополнително да се навлегува во правната оправданост на предлогот.

Збор зема членот на Советот Добила Андоновска, која посочи дека уште при разгледувањето на програмите за работа, читајќи ги програмите, забележала разлика во бројот на деца, односно дека во одредени паралелки има мал број деца, додека бројот на деца во прво и второ одделение е поголем. Истакна дека тогаш напоменала дека постои одредена разлика во бројот на децата, имајќи предвид дека сè повеќе семејства со деца очекуваат да бидат опфатени, но не очекувала намалувањето да биде во толкава мера.

Во однос на предлогот на Чакулев, истакна дека не сака да навлегува во прашањето дали тој е законски или не, бидејќи доколку не е законски, постојат механизми преку кои може да биде вратен или запрен. Според неа, секоја иницијатива која е добра и со која може да се помогне во решавањето на одреден проблем треба да биде поддржана.

Посочи дека доколку не може да се формира нова паралелка во одредено училиште, постојат училишта во кои има помал број ученици. Како пример го наведе ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, каде што има паралелки со по околу 15 ученици. Постави прашање зошто, наместо две или пет деца да се пренасочуваат во други училишта, како што се ООУ „Петар Поп Арсов“ и ООУ „Аврам Писевски“, да не се разгледа можноста за формирање нова паралелка во училиштето каде што има услови за тоа.

Според неа, најважно е проблемот да се детектира, а иницијативата да овозможи тој проблем да биде ставен во соодветни институционални рамки. Истакна дека Советот е основач на основните училишта и дека проблемите на

училиштата се и нивни проблеми. Во таа насока, постојат Секторот за образование, надлежното одделение, раководителите на одделенијата и просветните инспектори. Постапката понатаму може да продолжи и преку Министерството за образование и наука, а согласно надлежностите и преку други институции. Според неа, станува збор за поврзан систем во кој различните институции треба меѓусебно да соработуваат.

Истакна дека не гледа ништо лошо во тоа да се започне одредена иницијатива. Доколку се утврди дека не е законски издржана, таа може да биде запрена, но смета дека е важно да се направи чекор кон решавање на проблемот.

Посочи дека и оваа година не било направено доволно за решавање на проблемот со децата кои добиваат различни потврди со цел да бидат запишани или да ги остварат одредени права, при што напомена дека слични ситуации постојат и кај деца од други националности. Како пример го наведе случајот кога дете се запишува со цел подоцна да замине со својот татко и да живее во Германија. Според неа, со оваа иницијатива можеби нема веднаш да се реши проблемот, но таа претставува чекор кон негово системско решавање.

Андоновска истакна дека во минатото, во рамките на нејзината работа во областа на трудот и социјалната заштита, месните заедници биле многу вклучени во детектирањето на семејства и деца на кои им била потребна поддршка. Според неа, локалното население и луѓето кои ја познаваат својата средина можат значително да придонесат во идентификувањето на ваквите случаи.

На крајот истакна дека смета оти може да се помогне преку започнување на иницијативата и преку поврзување на активностите на месните заедници, општинските служби, просветните инспектори и другите надлежни институции, со цел заеднички да се придонесе кон решавање на проблемот.

Во рамки на дискусијата беше поставено и прашањето зошто не се покрене иницијатива во училиштата за воведување факултативно изучување на ромскиот јазик.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

Претседателот констатираше присуство на 22 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 10 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека не е усвоена Предлог-Одлука за преземање итни мерки за идентификација, запишување и вклучување во основното образование на деца на задолжителна училишна возраст кои се надвор од образовниот систем на подрачјето на Општина Карпош, со приоритетно постапување во населбите Злокуќани и Момин Поток

ТОЧКА 24. Предлог-Одлука за воспоставување систем за теренско постапување при загадување на воздухот и палење отпад на територија на Општина Карпош

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави членот на Советот Татјана Чакулев, која истакна дека станува збор за деценски проблем со палењето отпад, кој е суштински поврзан со претходно разгледуваната одлука. Нерешавањето на овој проблем со години наназад го создава и одржува проблемот со загадувањето на воздухот.

Таа посочи дека граѓаните секојдневно се соочуваат со непријатна миризба и чад, особено во утринските и вечерните часови, а во летниот период често не можат да ги отворат прозорците поради миризбата.

Според неа, проблемот не е само во непријатната миризба, туку и во токсичните соединенија што се создаваат при согорувањето на отпадот, меѓу кои диоксини и фурани. Таа предупреди дека станува збор за супстанции кои можат да имаат сериозни последици по здравјето, вклучително и влијание врз генетскиот материјал и зголемен ризик од појава на канцерогени заболувања.

Чакулев истакна дека Општина Карпош со години живее со овој проблем, а досега не е преземено доволно за негово трајно решавање. Таа посочи дека мерната станица покажува високи нивоа на загадување во Карпош и во летниот период, кога не станува збор за загадување предизвикано од греењето.

Таа нагласи дека на графиконите може да се забележат пикови на загадување речиси секоја вечер, а Карпош во одредени периоди има повисоки нивоа на загадување во споредба со другите општини.

Според Чакулев, суштината на предложената одлука е да се обезбеди инспекциско постапување во моментот кога проблемот се создава, односно во периодите кога се појавуваат пикови на загадување. Таа истакна дека нема доволно ефект од набавката на дронови, мерни инструменти и друга опрема доколку нема инспектори кои ќе можат навремено да постапат на терен.

Таа предложи да се разгледа можноста за организациски измени, вклучително и промена на систематизацијата, доколку е потребно, како и воведување сменска работа или дежурства на комунални редари и инспектори, со цел да се обезбеди присуство на терен во периодите кога најчесто се случува загадувањето.

Според неа, начинот на организација треба да го утврди градоначалникот, но потребно е да се обезбеди систем со кој инспекциските служби ќе можат да дејствуваат навремено. Таа оцени дека без ваков пристап проблемот нема да се реши.

Во однос на финансиските импликации, Чакулев посочи дека тие би можеле да бидат минимални, околу 2.000 евра, доколку со тоа се овозможи спроведување на одлуката, и ги повика присутните да ја поддржат одлуката наместо понатаму да се набавуваат инструменти и опрема без соодветно инспекциско постапување.

Богданка Мучева, раководител на Секторот за инспекција, посочи дека предлогот треба прецизно да се организира и дефинира, особено во делот на тоа кој инспектор би бил задолжен за постапување и како би се организирала неговата ротација.Таа истакна дека во моментов Општината има само еден инспектор за животна средина кој има надлежност да изрекува соодветни санкции, додека комуналните редари имаат ограничени овластувања и можат да изрекуваат значително пониски казни. Поради тоа, според неа, само прераспределување на постојниот кадар нема да го реши проблемот.

Мучева посочи дека инспекциските служби веќе функционираат со дежурства и дека моментално работат со намален капацитет. Во првата смена имаат околу 50–60 проценти од капацитетот, додека во втората смена бројот на вработени е уште помал.

Таа нагласи дека инспекцијата не се занимава само со палење отпад и пожари, туку има голем број други надлежности и задачи. Поради тоа, дополнителното

ангажирање на ограниченият број инспектори само за оваа проблематика би значело занемарување на други обврски.

Во однос на комуналните редари, Мучева истакна дека Општината располага со ограничен број редари и дека нивното распоредување на терен не би имало доволен ефект поради ограничените санкции што можат да ги изречат.

Таа постави прашање како би се организирала ротацијата доколку само еден инспектор за животна средина треба да работи во трета смена. Според неа, доколку инспекторот работи во текот на ноќта, потребно е соодветно време за одмор, што дополнително би го намалило расположливиот инспекциски капацитет во текот на денот.

Мучева истакна дека поради тоа постои друг систем на постапување, воспоставен со надлежните институции, кои можат да реагираат во периодите кога општинските инспектори не се на работа.

Таа нагласи дека инспекциските служби се достапни за пријави и дека при секоја пријава постапуваат на терен. Во моментот, како што посочи, имаат дежурно лице, а во изминатиот период биле преземени и конкретни активности заедно со Град Скопје и други надлежни институции.

Мучева информираше дека во текот на претходната недела биле направени снимки со дрон на три локации на кои биле евидентирани одделни случаи, како и дека во изминатите десетина дена била спроведена заедничка теренска акција со Град Скопје и инспекциските служби.

Таа посочи дека овие активности биле јавно објавени и дека не треба да се занемари фактот дека институциите веќе преземаат конкретни мерки.

Според Мучева, инспекторите се достапни 24 часа за неодложни пријави, иако тоа не значи дека се физички присутни на работа 24 часа. Кога ќе биде добиена пријава во попладневните или вечерните часови, тие веднаш контактираат со полицијата, противпожарната служба и Град Скопје, во зависност од природата на случајот.

Таа посочи дека Град Скопје располага со значително поголем инспекциски капацитет, односно со околу 30 инспектори, додека Општина Карпош располага со еден инспектор за животна средина. Поради тоа, според неа, не може да се очекува истиот начин и обем на постапување од институции со

толку различни кадровски капацитети.

На крајот, Мучева нагласи дека и инспекторите, како и сите други вработени, имаат приватни обврски и право на одмор и дека организацијата на работата мора да ги земе предвид и овие околности.

Согласно законските ограничувања, не може да се организира континуирано работење над 8 часа дневно, односно над дозволениот фонд на работни часови неделно. Оттука, организирање трисменско или континуирано 24-часовно работење е практично невозможно, особено имајќи ги предвид расположливите кадровски капацитети.

Во соработка со Град Скопје ги воспоставивме дежурствата. Општина Карпош е една од ретките, односно единствената општина во рамките на градот што воспостави ваков систем на дежурства, ги спроведе во период од четири недели и повторно ги активира. Притоа, мора да се нагласи дека со ангажирањето на дежурствата капацитетите во прва смена значително се намалуваат. Затоа дежурствата не можат да се организираат непрекинато, туку периодично. Досега беа организирани во мај и јуни, а по летниот период повторно се активираат по наша иницијатива.

Дополнително, уште пред доставувањето на оваа иницијатива, во координација со градоначалникот беше договорено по завршувањето на годишните одмори да се воспостави ротација на едно лице во секторот, кое ќе биде задолжено со службен телефон и ќе биде достапно до 24 часа дневно за прием на пријави. По приемот на пријавата, доколку се утврди потреба од итно постапување, истата ќе биде проследена до соодветните инспектори од надлежните инспекторати, а не само до инспекторите за животна средина.

За итни и неодложни работни задачи по завршувањето на работното време, постапувањето ќе зависи од моменталната достапност на инспекторите. Доколку едно лице не е достапно, задачата ќе ја преземе следното расположливо лице. На тој начин се обезбедува можност за реакција и во случаи кога е потребно неодложно постапување.

Сето наведено веќе функционира на терен, во соработка со други институции. Општина Карпош континуирано врши проверки на терен, а дополнително се користи и дрон за мониторинг. Дронот со кој располага општината е наменет за снимање во дневни услови и не располага со опрема за снимање во целосна

темнина. Поради тоа, неговото користење во текот на ноќта не би било ефикасно, а за ноќно летање е потребна и посебна дозвола, која исклучително тешко се добива.

Сепак, договорено е да се обезбеди пристап до покривот на објектот на улица ВИЧ, од каде што има одлична видливост кон подрачјето каде што најчесто се регистрира палење. Во тек е комуникација со управителот на објектот за добивање дозвола за користење на покривот. Од таа локација, во вечерните часови, ќе може да се врши мониторинг со дрон и да се утврдува дали има појава на палење. Доколку се забележи активност, ќе има расположливи лица на терен кои ќе можат да постапат.

Овој тип на активности не може да се спроведува секојдневно поради ограничените кадровски капацитети. Сепак, значаен дел од мерките предвидени со одлуката веќе се спроведуваат и ќе продолжат да се спроведуваат и без формално да бидат наведени во самата одлука.

Имајќи ги предвид законските ограничувања, расположливите човечки ресурси и реалните услови за работа, воведувањето трисменско работење или континуирана 24-часовна дежурна служба во моментов не е возможно.

Збор зема членот на Советот Горан Михајлов се заблагодари на Чакулев и на Богданка, бидејќи денешната дискусија навистина му делувала како тим-билдинг. Се почувствувал дека и двете зборуваат од иста страна – од страната на граѓаните и од потребата конечно да почнат да ги лоцираат и решаваат проблемите на граѓаните, ова може да биде и нов предлог – советниците почесто да се среќаваат и заеднички да учествуваат во вакви активности. На тој начин можеме да отворат и нови теми и да реагираат заеднички, особено кога станува збор за проблеми од интерес на граѓаните.

Поентата е дека ваквите активности треба да иницираат и конкретни чекори – законски измени, предлози и иницијативи до Град Скопје и до другите надлежни институции.

Затоа смета дека секој ваков заеднички настап, секоја иницијатива која е во корист на граѓаните, треба да ја поддржат, да ги лоцираат проблемите и да не дозволат тие да останат само на ниво на дискусија.

Збор зема членот на Советот Татјана Чакулев, условите се менуваат и не треба

да дозволат проблемот со загадувањето да се сведе само на тоа дека Карпош е најзагаден. Проблемот е поширок и треба системски да го решаваат.

Во однос на акцијата и мерките, смета дека треба да се воспостави систем кој ќе биде функционален на долг рок, а не само во периоди кога има зголемено загадување.

Потребно е да се усогласат системите за контрола на горењето отпад, комуналниот ред и другите локални извори на загадување. Потребно е и дополнително ангажирање инспектори, комунални редари и други службени лица, со јасно утврдени надлежности.

Не зборува само за тоа кој ќе биде на дежурство и колку ќе трае дежурството. Треба да воспоставиме систем кој ќе функционира континуирано и на долг рок, а не само привремено.

И затоа ми беше важно прашањето во врска со десет дневниот период на мониторинг. Кажале дека во тие десет дена се активира системот и дека има дежурства. Како советник ја интересира дали веќе има некакви резултати од тие активности?Дали во овие десет дена се регистрирани конкретни случаи, дали се преземени мерки и дали има некакви податоци врз основа на кои можеме да оцениме дали овој начин на работа дава резултати?

Прашањето и е особено важно затоа што знаат со колку инспектори и комунални редари располага Градот. Затоа смета дека мора да има функционален и одржлив систем, а не само привремено дежурство во периоди на зголемено загадување.

Инспекцијата нагласи дека на улица Вич, односно во Белите Кули, кога ќе забележи пожар или чад, а понекогаш и пред да се случи нешто посериозно, таа веднаш ќе алармира.

Прво се јавува во Полициската станица Карпош, а потоа и во нивната екипа, за да видат кој е најблиску и кој може веднаш да излезе на терен. Бидејќи сите живеат во близина – Бардовци, Злокуќани и Карпош – можат веднаш да реагираат.Секако, на терен не одат без соодветна полициска придружба. Се координираат со полицијата и пожарникарите и веднаш излегуваат за да видат што се случува.

Чакулев со пашање дали, покрај она што паралелно го следиме преку интернет

и преку камерите, може да имаат и систем што навремено ќе нè алармира кога има нешто алармантно. Не зборува само за оној пожар што се случи кај Полициската станица, туку за генералниот проблем.

Поентата е дека тие реагираат веднаш штом ќе добијат информација. Не вели дека треба само да кажат дека нешто прават, туку треба да видат што навистина функционира. Ако сегашниот начин не функционира доволно добро, да се најде друго решение. Работата треба да биде насочена кон решавање на проблемот. Дополнителен проблем е што на терен често има лица без лични документи, па немаат доволно можности да ги идентификуваат или санкционираат. Има и фотографии што можам да ги покаже. Вчера повторно ги забележат истите проблеми. Немаат доволен механизам ниту за идентификација, ниту за санкционирање. Поентата е една: да се реши проблемот.

Збор зема членот на Советот, Добрилка Андоновска, која упати пофалби до инспекциските служби, истакнувајќи дека имаат многу работа и малку ресурси, а во однос на санкционирањето постојат сериозни ограничувања.

„Ќе ја поддржи точката.Смета дека ова треба да го направи Градот и да се започне иницијативата од оваа точка.

Тоа е она што го прават соседните држави, како Хрватска и Грција. Зборува за современи системи за детекција на пожари, не само за пожари на отворен простор и во шума, туку за системи што овозможуваат навремено откривање и брза реакција.“Тоа е правецот во кој треба да се движат.

Во рамки на дискусијата беше истакната потребата од воведување современи системи за детекција на пожари, не само за пожари на отворен простор и шумски пожари, туку и за навремено откривање на други ризици на територијата на Град Скопје. Беше нагласено дека ваквите системи треба да се подигнат на повисоко ниво и да бидат дел од посеопфатен систем за следење и превенција.

Во продолжение беше отворено прашањето за загадувањето на воздухот, особено во општина Карпош. Беше посочено дека загадувањето не треба автоматски да се припишува само на Карпош, имајќи предвид дека на територијата нема значајна хемиска индустрија. Како можни извори беа споменати дивите депонии и нелегалното согорување отпад, особено кабли и

други материјали, со цел извлекување и продажба на бакар и други секундарни суровини.

Во таа насока беше нагласена потребата од засилена меѓуопштинска соработка, особено со соседните општини Горно Оризари, Ѓорче Петров и Бутел, со цел заедничко постапување во делот на дивите депонии, согорувањето отпад и загадувањето на воздухот.

Беше поставено и прашањето за заштитата на најранливите категории граѓани, особено лицата со хронични заболувања, децата и лицата со попреченост, имајќи предвид дека загадувањето директно влијае врз нивното здравје и квалитетот на живот.

Збор зеде членот на Советот Александар Петровски, кој упати прашање до надлежните служби во врска со изворите на загадувањето, особено во вечерните часови.Тој посочи дека во делови долж реката Вардар, особено во правец кон Сарај, Ѓорче Петров и Ѓорче Петров 2, често се забележува загадување и непријатен мирис. Според него, ваквите појави можат да се забележат и од повисоките делови на градот, а особено во близина на обиколницата и од правецот кон Крчевци.

Петровски побара да се проверат овие наводи и да се утврди од каде потекнува загадувањето, особено имајќи ги предвид зачестените појави на непријатен мирис што потсетува на хемиски испарувања.

Тој изрази благодарност до надлежните служби за досегашното постапување и излегувањето на терен по пријавите. Како советник, истакна дека стои на располагање за помош и соработка во рамките на законските надлежности и најави дека ќе се приклучи на активности на терен каде што тоа е возможно.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска, која истакна дека добрите намери треба да се потврдат со конкретни активности, вклучително и со поставување камери и засилен надзор на дивите депонии и критичните локации.

Таа посочи дека е потребно овие активности да се надополнат со едукативен систем и континуирана едукација на граѓаните, со цел да се подигне свеста за штетноста од нелегалното фрлање и согорување отпад.

Во однос на предложената одлука, Стојановска нагласи дека таа не е

спротивставена на активностите што веќе ги преземаат надлежните служби, туку напротив, треба да претставува дополнителна поддршка на започнатите активности.

Таа изрази задоволство што веќе се преземаат конкретни чекори за изнаоѓање решение на проблемот и истакна дека предложената одлука треба да се поддржи како дополнителен механизам за постапување и подобрување на состојбата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

Претседателот констатираше присуство на 20 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 9 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека не е усвоена Предлог-Одлука за воспоставување систем за теренско постапување при загадување на воздухот и палење отпад на територија на Општина Карпош

ТОЧКА 25. Предлог - План на Програми за Изменување и дополнување на план на програми за развој на Општина Карпош за 2026 година

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

Претседателот констатираше присуство на 20 членови на Советот.

По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен Планот на Програми за Изменување и дополнување на план на програми за развој на Општина Карпош за 2026 година

Претседателот, премина на СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА и по редот на пријавените се поставија следните:

Членот на советот Добрила Андоновска ги постави следните советнички

прашања цитирам:

1.Дали општина може да направи увид да се расчисти во делот кај Злокуќани каде што има дом за згрижување на стари лица Анима медикал центар на улица "Скупи" 22 ? (Проблем дива депонија покрај нивниот објект, со нивни средства го чистеле, оставени хаварисани возила со кој се попречувава влезот, бокс со кучиња кои биле третирани за борби, 3 диви депонии за старо железо, проблемот претставува сериозен комунален, здравствен, еколошки итн.)

2.Кај Владо Тасевски (млечен) да се подигнат хаварисани возила?

3.Околу контенјерите кај ООУ "Владо Тасевски" има комунален отпад направена е депонија да се испрати допис до ЈП Комунална хигиена?

4.До каде сме со формирање на Локалниот совет за превенција?

5.Дали општината после веќе преземените мерки за решавање на проблемите на станарите на ул. Ангел Динев во Влае – 2, кои им ги ги создаваат големите маркети со возилата за дистрибуција на роба може да преземе дополнителни мерки во комуникација со маркетите и други надлежни институции?

6. Прашењето се однесува за ООУ "Братство", а и генерално за сите општински основни училишта дали може вработените (дефектолози, психолози, педагози) да ја преземат функцијата образовни асистенти? (2 дечиња немале образовни асистенти)

7.Дали може да се земе пример од Општина Струмица да има посебен јавен оглас каде што Општината ќе ги плаќа тие образовни асиситенти?

8.Бара работна просторија тоес советничка канцеларија во Општината?

Членот на советот Татјана Стојановска ги постави следните советнички прашања цитирам:

1. Бараките кај ООУ "Лазо Трповски" дали ќе останат во надлежност на училиштето што се планира во тој дел?
2. Зошто се потрошени средства од нашата Програма за рушење, а не од буџетот на Град Скопје согласно одлуката донесена за меѓуопштинска

соработка конкретно за дискотеката Мусандра во Градски парк?

На приземниот објект на улица "Дрезденска" бара спецификација на точно потрошени средства бидејќи таму нема ништо рушено во делот кај автоперална Смарт вош?

3.Колку има на располагање смукалки смета дека тие се подобро решение?

4. Интервенција да се среди просторот кај центарот за собирање гуми од страна на тој што управува со него?

5.Во февруари месец имаме донесено Одлука за меѓуопштинска соработка со која што Град Скопје е овластемн за давање одобрение за вршење на дејност надвор од деловен објект и одобренија за поставување на урбана опрема. Во оваа одлука се задолжува Градоначалникот да склучи договор, па прашањето е дали е склучен тој договор, што всушност опфаќа, дали ги опфаќа терасите.. и какви информации имаат нашите инспектори за поставувањето на урбаната опрема односно по кој основ ги добиваат одобренијата?

6. Каде се предвидуваат монтажните гаражи?

Членот на советот Славко Митевски ги постави следните советнички прашања цитирам:

1.Бара извештај за ремедијација? (Бара допис од Град Скопје/ Извештај/ видео снимки)

2.Дали може под итно допис до ПС Карпош за да има целодневен надзор кај Бардовци?

Членот на советот Горан Михајлов ги постави следните советнички прашања цитирам:

1. Дали сите инвестиции кои се прават сега се од минатиот мандат?
2. Дали може да добијат Извештај за посетеност на Културно карпошо

лето и на кој настан колку биле присутни?

3. Кој ја донел одлуката за Програмата за Карпошово Културно лето?
4. Дали може мега паркот кој се средува да се даде предлог до Град Скопје да се именува како Парк на солидарност?

По исцрпување на точките од дневниот ред и поставените советнички прашања, Претседателот на Советот ја затвори продолжувањето на 18. седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 18.10 часот.

Изработил: Виолета Андреевска

Број: 09-8837/3
Датум: 22.10.2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Христо Саракинов